Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје, Македонија

Маја Рауник Кирков

# МЕТОДИКА НА ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ










,


***Издавач:***
Универзитет „Св. Кирил и Методиј‟ во Скопје
Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје
www.ukim@ukim.edu.mk

***Уредник за издавачка дејност на УКИМ:***
проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор

***Уредник на публикацијата:***
проф. д-р Маја Рауник Кирков, Педагошки факултет „Св. Клиемт Охридски‟ –Скопје

***Рецензенти***
1. проф. д-р Фехим Хусковиќ
2. проф. д-р Никола Смилков

***Техничка обработка***
проф. д-р Маја Рауник Кирков

***Лектура на македонски јазик:***
Емилија Величкова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

373.2.016:73/76(075.8)

РАУНИК Кирков, Маја
Методика на ликовното образование / Маја Рауник Кирков. - Скопје : Универзитет "Св. Кирил и Методиј", 2018. - 201 стр. : илустр. ; 25 см

Библиографија: стр. 145-147

ISBN 978-9989-43-402-0

а) Ликовно образование - Високошколски учебници
COBISS.MK-ID 106108170

,

**На Љубин и Леон,**

**со љубов и радост**

СОДРЖИНА


ПОИМ И ЦЕЛИ НА МЕТОДИКА НА ЛИКОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ 1

Ликовна писменост 4

Развој на методиката на ликовното образование 9

Историски развој на методиката на ликовното образование 10

Карактеристики на наставните програми по ликовно образование во Република Македонија (1948 – 2016) 27

РАЗВОЈ НА ДЕТСКОТО ЛИКОВНО ИЗРАЗУВАЊЕ 30

Фази во развој на детското ликовно изразување 30

2-4 години: Чкртаници 31

4-7 години: Пред-шематска фаза 33

6-9 години: Шема 34

9-11 години: Интелектуален реализам, Фаза на група 36

11-13 години: Визуелен, оптички реализам 37

14-16 години: Период на одлука 39

ЛИКОВНИ ТИПОВИ ДЕЦА 41

Ликовни типови деца во однос на психичките карактеристики 43

Ликовни типови деца во однос на афинитетот кон одреден ликовен израз 50

МЕТОДСКО-ДИДАКТИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВА ПО ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ 58

Специфичности на наставата по ликовно образование 59

Принципи во реализација на наставата по предметот ликовно образование 63

Форми на работа во наставата по ликовно образование 73

Методи на работа во наставата по ликовно образование 73

Современи методи во реализација на наставата по ликовно образование/воспитание 74

ПЛАНИРАЊЕ ВО ЛИКОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ 79
Глобално планирање 81
Годишно планирање 85
Дневно планирање 87
Примери од дневни подготовки 92

АСПЕКТИ НА ПРОЦЕНУВАЊЕ, ВРЕДНУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА ЛИКОВНИ ТВОРБИ НА УЧЕНИЦИТЕ 131
Ликовното образование и креативноста 133
Улога, работа и усовршување на особините на наставникот во реализација на ликовното образование 142
Изложби на детски творби, организација на приредби, соработка со родителите, музеите и галериите 144
Литература 148

ПРАКТИКУМ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА МАТЕРИЈАЛОТ 151
Поим за методика на ликовно образование 151
Развој на методиката на ликовно образование 153
Развој на детското ликовно изразување 154
Ликовни типови на деца 154
Методско-дидактички инструменти за изведување на настава по ликовно образование 155
Дневни подготовки 157
Аспекти на проценување, вреднување и следење на ликовни творби на учениците 193
Ликовното образование и креативноста 193

# ПОИМ И ЦЕЛИ НА МЕТОДИКА НА ЛИКОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## 1. Поим

Методика на ликовното воспитание и образование е развојно-нормативна научна дисциплина чија основа се педагошките теории на ликовното образование и воспитание, теоријата на ликовната уметност и ликовно-уметничката пракса. Методиката на ликовното воспитание и образование е интердисциплинарна научна област наменета за сите ликовни едукатори која се занимава со теоретските и практичните аспекти на ликовното изразување, организирање на наставен процес и негова реализација.

## 2. Цели на методика на ликовното образование

### Генерална цел:

Ликовното образование треба да ја култивира личноста градејќи визуелна писменост со развој на креативност, имагинација и интуиција, како и со развивање на способности за користење на невербални форми на експресија и комуникација. Ликовното образование треба да ги запознава учениците со различни начини на перцепција и мислење (Clements, & Wachowiak, 2001). Ликовното образование треба да овозможи учениците да стекнат ликовна писменост.

### Поединечни цели:

Ученикот/ученичката:

- Да се воведува во запознавање на ликовниот јазик;
- Да се воведува во свет на ликовно творештво;
- Да развива интерес, фантазија креативност во ликовно изразување;

- Да развива способност за изразување на своите доживувања преку ликовниот јазик;
- Да развива визуелна и тактилна перцепција;
- Да го открива запознава и почитува сопственото ликовно изразување и ликовното изразување на другите;
- Да развива интерес за визуелно облагородување на просторот;
- Да се воведува во користење на информатичко-компјутерска технологија во ликовното изразување.

3. **Задачи на методиката на ликовно образование:**

- Да ги развива способностите за непосредно набљудување и воочување на особеностите на формите, линиите, боите, пропорциите, заемниот однос на деловите (конструктивни компоненти), на предметите и другите визуелни појави во природата;
- да ги развива способностите за компонирање на ликовните елементи и формирање на естетска целина;
- да се оспособува самостојно да расудува, заклучува и логички да ги применува искуствата и сознанијата;
- да ја развива свеста за примената на естетиката во уредувањето на просторот за живеење, меѓусебната комуникација и примена на уметноста во производството;
- да ја проширува ликовната писменост и да ги развива креативните способности преку решавање на ликовни проблеми;
- да го развива визуелното мислење преку практична и теоретска работа;

- да се воведува во системот на визуелни знаци присутни во општествениот живот (сообраќајни знаци, амблем и сл.);
- да се оспособува за ликовна работа по природа, фантазија, тематска работа;
- да развива осет за боја, линија, форма, форма во простор, единство во композиција;
- да формира навики за индивидуален творечки однос во рамките на ликовната работа и други активности во животот;
- да ги развива способностите за истражување и флексибилна примена на нови ликовни материјали и постапки за работа и стекнување технолошки искуства;
- да формира работни навики и способност за организација на работниот процес: планирање, проектирање, творештво и валоризација на резултатите;
- да го развива интересот кон ликовното творештво и да се оспособува ликовните и естетските искуства да ги применува во учењето, општествениот живот и работата;
- да се поттикнува да се грижи за природата и уредувањето на непосредната околина;
- да се запознае со ликовните дела од познати мајстори и со компонентите на ликовните дела и да изградува ликовен критериум;
- да ги поврзува ликовните сознанија и активности со содржините на другите наставни програми;
- да се поттикнува да се грижи за културното наследство на Р. Македонија;

- да се оспособува за истражување, комбинирање и креирање со компјутер.

## ЛИКОВНА ПИСМЕНОСТ

### Поим за ликовна писменост

**Способноста за препознавање и употреба на ликовните елементи и принципи, ликовните материјали и ликовните техники во изразување на сопствените идеи, како и разбирање на ликовните дела на другите претставува ликовна писменост.**

### Визуелна писменост

Поим за визуелна писменост

Визуелно ( lat.visualis)- значи она што се однесува на видливото, на појавното.

**Уметноста која се занимава со видливото, тактилното, просторното, традиционално е позната како ликовна уметност. Во време кога уметничките креации не ги опфаќаат само познатите академски медиуми и материјали на експресија, туку се дел од сферата на сложените уметнички повеќедимензионални креации, компјутерски дизајн, веб дизајн, односно се прошируваат не само во сферата на класичните објекти, ликови (ликовно), туку зафаќаат и други подрачја од визуелното, со право може да кажеме дека ликовните уметности стануваат визуелни уметности. За нивно осознавање, разбирање и креирање потребна е соодветна - визуелна писменост.**

### Што е визуелна писменост?

**Терминот - визуелна писменост-** прв го употребил *Debes* во 1969 година, дефинирајќи го како:

Група на човечки визуелни способности кои се развиваат преку перцепција обединета со други сензорни искуства. Тие ја оспособуваат визуелно описменетата личност да одреди и препознае видливи активности, објекти, симболи, природни и човечки креации.

Визуелната писменост претставува способност да се интерпретираат, користат, проценуваат и создаваат визуелни претстави во различни материјали, техники и медиуми што се употребуваат во традиционалната и современа уметничка пракса: сликарство, скулптура, графика, видео, уметничка инсталација, компјутерски дизајн, веб дизајн, итн... Таа е презентација на напредно мислење, донесување на одлуки и учење.

Вербално писмена личност е способна да користи основни компоненти на пишаниот јазик: букви, зборови, правопис, граматика, синтакса. Во тој контекст, визуелната писменост постои во слични рамки, подразбира познавање и користење на ликовните елементи и принципи во дефинирање на одредена смислена визуелна изјава, порака.

Како што глобализацијата станува доминанта во нашето општество, формите на информации што преовладуваат во секојдневната комуникација се визуелно побогати.

Денес, визуелната писменост станува важна вештина и знаење кое е неопходно за секоја добро образувана личност и е презентација на достигнатото ниво на визуелна култура. Под најголемо влијание на визуелната култура се наоѓаат најголемите консументи - децата и адолесцентите. Со информациите кои се пренесуваат преку традиционалните и современите медиуми тие често инстантно ги прифаќаат и: социјалните кодови, јазикот – начинот на комуникација и вредностите на визуелната култура.

**Визуелната култура влијае на знењето, конструкцијата на идентитет, обликување на естетска сензибилност. Визуелната писменост не е талент. Таа се учи како и другите облици на знаење и се вежба како и другите вештини.**

## Карактеристики на визуелната писменост

Како и во вербалното изразување, каде спонтаното запишување на буквите и интерпункциските знаци не е писменост, така и во визуелното изразување, спонтаното запишување на линии, форми, бои и тонови не е визуелна писменост. Децата природно, спонтано, сами за себе не ги унапредуваат способностите за натамошно разбирање и креирање на визуелни пораки. За тоа е потребен посебен систем преку кој личноста влегува во комплексниот свет на значење, пренесување и разбирање на мислењето. Тој систем е уште познат и како ликовно воспитание/образование.

Процесот на описменување е комплексен и долг. Почетното ниво на способност за читање и елементарно користење на визуелните знаци и симболи, треба да се надградува со сè посложени и посуптилни нивоа на комуникација. Визуелната писменост треба да се разбере како знаење и вештина која исто така бара повеќе време да се развие, а се базира на секој претходен чекор.

**Цели на визуелната писменост се:**

- развој на критичко мислење;
- стекнување информативна писменост;
- поттикнување активна перцепција;

- развој на способности за носење заклучоци;
- решавање проблеми;
- квалитетна комуникација.

## Значење на ликовната и визуелната писменост

Современата култура сè повеќе зависи од визуелноста заради нејзината способност да комуницира инстантно и универзално. Огромен дел од целокупното учење е визуелен – „една слика вреди колку 1000 зборови“ (Oring159, 2000). Но за да се разбере пораката, кога наместо со зборови е претставена визуелно, гледачот треба да поседува одредени способности.

Услов за постоење на комуникација е праќачот и примачот на информацијата да го разбираат јазикот во кој е пораката реализирана. Секојдневните искуства го соочуваат човекот со фактот, дека постои визуелен јазик кој за да се разбира треба да се научи. Конфликтот настанува кога поради карактеристиката ликовната уметност да е примарно визуелна, луѓето, очекуваат да ја разберат инстантно, и дека е згодно да се навредат, ако не ја разберат. Основа за ваква постоечка практична и теоретска поставеност на наставната програма е предрасудата дека луѓето, децата природно ги стекнуваат и унапредуваат способностите за визуелна писменост, па се способни за брзо разбирање на пораки.

За да се визуелно писмени учениците мора да „зборуваат“ и да „читат“ визуален јазик. Ако тоа на се случи, тогаш ќе имаат тешкотија во визуелната комуникацијата, која ќе се сведе во тој случај на претставување на случајни форми чие замислено значење не кореспондира, со тоа што навистина во нив е претставено. Вообичаеното изложување на филм, или телевизија само по себе не обезбедува способности да се разбере вистинската содржина на сликите, сметаат. За вистински да се разберат визуелните пораки потребно е повеќе од стандардните

перцептивни и когнитивни способности кои се развиваат во секојдневен живот.

Ако учениците не стекнат способност како да ги разбираат сликите, тогаш одговорноста што не сме ги подготвиле за живот во современото општество е наша, на возрасните (Вилијамс, 1995; Hobbs, J.A., & Rush; J.C.111, 1997).

Современото збогатување на светот во кои живееме со комплексни повеќезначни визуелни ликовни медиуми, ја поместува границата на ликовниот израз во подлабоките сфери на визуелниот реален и дигитален свет. Зголеменото ширење на визуелни претстави и форми рапидно го зголемува влијанието на визуелноста во време кое е познато како постмодерното време

**Можностите за визуелен израз се зголемуваат, така што ликовната писменост станува дел од визуелната писменост.**

И покрај тоа што наставниците веруваат во образование низ уметност, учениците живеат во масовната култура. Учениците се повеќестрани, комуницираат со мас-медиумите на повеќе начини. Нивото на таа комуникација најчесто е елементарно. Многу ученици имаат потешкотии ефективно да артикулираат и да ги претстават своите мисли преку визуелниот јазик, па оттаму со иста тешкотија ги разбираат мислите и идеите на другите кои се претставени преку ликовниот јазик. Неразвиената визуелна писменост ја ослабува способноста на учениците да ја развиваат важната врска помеѓу релноста на визуелните претстави и нивната цел. Бидејќи бројот и квалитетот на информации кои се пренесуват визуелно сѐ повеќе се зголемува, потребата на учениците за стекнување на визуелна писменост секојдневно расте.

# РАЗВОЈ НА МЕТОДИКАТА НА ЛИКОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Од најрана возраст, уште пред да научат да зборуваат и да се движат самостојно, децата од сите историски периоди и култури се изразуваат визуелно.

Првите линии со молив, фломастер, креда, пастел се нацртани без посебна ликовна идеја, само со желба за активност. На тој начин, цртањето и сликањето се едни од најраните природни, спонтани активности на секој човек. Детските ликовни творби се одраз на личниот интелектуален и емоционален развој, но и презентација на потребата од комуникација. Ликовниот начин на изразување во одреден период од животот на секој човек е одличен показател за моќноста и значењето на визуелниот свет за секоја личност. Цртежите се презентација на индивидуалниот темперамент, начинот на перцепција, естетското ниво и техничките можности. Со право секоја ликовна активност претставува симбол за најдлабоките карактеристики на секоја индивидуа. За ликовниот начин на изразување да биде корисно средство во идните животни предизвици, оваа активност не треба да остане на тоа спонтано, природно, почетно ниво, туку треба да се култивира, оплеменува и развива.

Најдобар начин за постигнување на овие стратешки образовни цели е организираното образование во уметностите – традиционално познато како **ликовно образование**. Образованието е неразделен дел од секоја цивилизација, како непрекината низа од пренесени знаења, стекнати искуства, вештини и способности, во чија основа е основа е потребата за споделување на сознанијата, мислите, достигнувањата**. Со ваквиот карактер на човековата природа нашиот развој како социјални суштества со постојано надградување и образование напредува низ вековите.**

# ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ НА МЕТОДИКАТА НА ЛИКОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Образованието е динамичен процес кој постојано се менува и унапредува. Ликовното образование е неразделив дел од човечката цивилизација и ги содржи различните културни ставови на секоја историска епоха.

Историскиот развој на методиката на ликовно образование ги опфаќа историските периоди, формите и начините на кои техниките на ликовно изразување се пренесувале меѓу генерации. Нивото на стекнатите знаења и вештини во техничка реализација на ликовните идеи секогаш биле основа за одредување на карактерот на ликовното образование. Дополнителен, неизоставен услов за одредување на:

- Што (СОДРЖИНА)
- На кого (ЦЕЛНА ГРУПА)
- Како ( МЕТОДИЧКИ СТРАТЕГИИ, ФОРМИ, ТЕХНИКИ)
- Зошто (ЦЕЛИ)

ќе се пренесува како знаење одредуваат општествените услови и нивото на општествена и лична свест.

Ликовната уметност од способност за изразување на ограничен број на луѓе, во 21 век со посредство на средствата за масовна комуникација станува средство, кое овозможува директна и јасна комуникација на целата популација.

## Ликовното образование во праисторијата

Најстарите докази за ликовно изразување на човекот се пронајдени од околу 40.000 г. п.н.е. и претставуваат пештерски цртежи на линии, точки, траги од дланка. Од околу 30.000 г. п.н.е. и датираат најстарите цртежи и скулптури на луѓе и животни од коска и камен. Подоцна како материјал почнала да се користи и глината, која печена како теракота (што придонело за зачувување на уметничката форма над 1500 години) се користела и за моделирање на садови и скулптури.

Ликовното изразување во овој период е резултат на експеримент и потреба од оддавање на почит на божествата, па затоа е честа и нивната претстава како симболи (скулптурите како Вилендорфска Венера, Божицата Мајка, Адам од Говрлево, пештерските цртежи во Алтамира, Шпанија; Ласко, Франција). Претпоставка е дека знаењето и вештината се пренесувале усно и со практично поучување, а ликовното изразување имало карактер на ритуал.

## Ликовното образование во египетската уметност

Ликовното образование во робовладетелското општество на Персија и Египет, било наменето само за талентираните. Се реализирало во мајсторски работилници во кои почетниците, ученици работеле под будното око на мајсторот.

Уметниците имале призната и повластена позиција во општеството, бидејќи владетелите ја осознале моќта на ликовната уметност – да пренесува сложени невербални пораки на директен и јасен начин, па ја користеле за презентација и глорификација на својата личност и својата политичка моќ и влијание.

Уметниците, освен што имале технички знаења и способности за цртање и обликување, биле и писмени бидејќи сложените сликарски и скулпторски композиции секогаш биле придружени со текстови испишани со клинесто или хиероглифско писмо. Целта била да се почитува поставениот канон, со можност за креативно изразување во рамките на пропишаните правила на претставување.

## Ликовното образование во античката уметност

Во Античка Грција и Рим уметноста не се вреднувала поради естетските квалитети, туку поради нејзиното дидактичко влијание како инструмент на одржување на постоечката култура и општествен поредок. (Effland, 1990 A. History of Art Education. Teacher Colledge Press :8). Знаењето во уметностите се пренесувало во семејството преку кумулирано искуство на повеќе генерации и вештина стекната преку работа. Делата кои се создавани во античкиот период се производ на почетоците на организираното изучување на ликовната уметност-генијалните уметници, работеле заедно со стотици обучени луѓе кои многу добро ја познавале анатомијата, законите на композицијата, пропорцијата, рамнотежата, симетријата.

Реализирани се ремек - дела во скулптурата, архитектурата, сликарството кои се резултат на организирано изучување на правилата и техниките на ликовно изразување. Едукацијата во ликовните уметности се реализирала во ателјеата на познати уметници.

Целта во уметничкиот израз во Античка Грција била да се достигне идеалот на совршенство во прикажување на човечка фигура со пропорции на замислни божества и природност, а во Античкиот Рим, реалистичен и приземен изглед. Генерации на уметници посветеи на ваквите идеали, постојано ги унапредувале тие идеи и технички ги усовршувале.

Генерален став во ова време е дека ликовното образование е неопходен дел од образовниот систем. Сепак, Платон (Република 3: 400-401) смета дека импресиите стекнати во детството се трајни и неизбришливи, па е потребно моралното образование на децата да почне со запознавање со вистински уметнички дела (Ефланд, 1990:14). Аристотел во својата „Политика“ наведува дека цртањето е корисно како животна вештина ( Ibid:16). Овие филозофи, како и Демокрит (460 – 4 370), во своите записи наведуваат дека треба да се вклучи ликовното изразување во системот на образованието.

Развојот на ликовното образование на уметниците се согледува во промените кои ги претставувале во своите дела, а кои се резултат долги години и векови на посветеност во достигнување на идеалите.

## Ликовното образование во средниот век

Ликовното образование во средновековиeто е обележано со обединување на христијанската религија и ликовната уметност, со цел да се култивира човековата духовност - спротивно на античките идеали на физичката убавина како мотив за ликовно изразување.

За да го прошири своето влијание, црквата ја користела силата на уметноста да образува и воспитува преку претставување на религиозни идеали со обединување на архитектурата, скулптурата и сликарството. Сложените религиозните пораки се претставувале како симболи на фрески, витражи и склуптури и биле начин да се допре до најшироката публика дури и пред да биде описменета.

Се формираат иконографски училишта во кои се стекнувале професионални знаења и вештини кои биле тесно поврзана со

религиозните верувања. Во нив се стекнувало образование за произведување и употреба на сликарските материјали, сликарските и цртачките техники, за иконографските карактеристики на сцените кои се претставувале. Боите, формите, дури и поставеноста на фигурите во композициите имаат во средновековната уметност значење на симболи, кои било неопходно одлично за се познаваат.

Освен усно пренесување на знаењето и вештината во манстриските училишта, уметниците ја негувале и педагошката пракса со запишување на трактати, записи, белешки за стекнатото знаење и искуство за создавање на бои, подлоги, сврзни средства, лакови и др. да се пренесе на следните генерации.

Во Македонија познати се Македонските ереминии во кои се запишани упатства за реализација на фрескоживопис.

## Ликовното образование во ренесансата

Во периодот на ренесанса во Европа, уметничките дела почнуваат да добиваат сѐ поголемо значење како посебни цивилизациски квалитети и како статусен симбол. Уметничкиот израз се сметал за резултат на симбиоза на талент и напорна работа, па претставувал посебно општествено призната активност, одделена од занаетчиството. Образованието во ликовните уметности се стекнувало во ателјеата на големите сликари и скулптори кои организирале едукативен процес со сопствени методички упатства. За таа цел се пишувале и трактати (Мотања, М. За образованието на децата,1369-1444).

Сликарот Леон Батиста Алберти (1400-1477), сметал дека основен метод е цртањето по природа како база за запознавање со формата. Познавањето на ликовните елементи линија, точка,

површина, форма, простор го смета адекватно на почетната писменост.

Ренесансниот уметник од Германија, Алберхт Дирер (1471-1528) рекол: ,,Уметноста е скриена во природата. Кој може да ја открие, тој ја владее“. Своите истражувања и теоретски согледувања ги преточил во: „Четири книги за мерењето“(1522) и „Четири книги за човечките пропорции“ (1528). Сметал дека во ликовното изразување потребни не само емоции, туку и научни сознанија, како и геометриски постапки во дефинирање на принципи за претставување на човечка фигура.

Микеланџело Буонароти препорачува дека младите сликари треба да помината една година во самостојно цртање, шест години во подготовки на боите, подготовки на подлога и користење на златни листови, во тек на кое време треба постојано да цртаат. Дополнителни шест години се неопходни за да се достигне вистинска способност за фреско сликарство.

„Основата на целото знаење лежи во нашата перцепција“, забележува Леонардо да Винчи во своите „Белешки“ и ги дефинира основите на истражувањата од научните студии од анатомија, математика, теорија на форма и перцепција, методи на сликање и цртање, кои претставуваат вистински научно-уметнички учебник. Леонардо да Винчи смета дека „Учењето никогаш не ја уморува мислата“.

Се создале првите ликовни академии во Европа (Академија по цртање во Фиренца - 1563 г., Академија Св. Лука во Рим – 1577 год., Академија на браќата Карачи во Болоња итн.)

Педагошката мисла во 16-ти и 17-ти век била поттикната од реформаторските идеали.

Чешкиот едукатор Јан Амос Коменски (1592 -1670) смета дека нагледноста е основен принцип во реализирање на

ликовното образование. Се залага за потенцирање на значењето и улогата на цртањето во училиштата бидејќи цртањето овозможува подобро разбирање, кординација на мислите и раката, пишување, експресија на емоции. Неговите дидактички совети водат кон цртање на едноставни форми кои учениците треба да ги перцепираат за да се разберат.

Неговата книга „Видливиот свет во слики“ (1659) содржи илустрации на различни едноставни објекти со имиња напишани на латински и народен јазик, со што се смета за првата сликовница наменета за деца.

## Ликовно образование во XVIII век

Оваа фаза во развој на методика на ликовно образование се вика **„Техничко-имитативна фаза“** која се јавува како потреба од реформи со кои ќе се замени занаетчискиот со интелектуален начин на производството. Со тоа се менува и карактерот на ликовното образование и воспитание во кое доминираат два става:

1. **Предметот „Цртање“ да овозможи техничка стручност, познавање на геометрија и фотографска точност во претставување на сложени геометриски форми наменети за реализација на дизајн.** Доминантен е „копирен метод“ кој се состои од повеќе под-видови:

- **Цртање по диктат**, метод со кој учениците го прецртуваат последователно она што наставникот го црта на табла.

- **Стигмографско цртање** (Хигар, 1840, Виена) метод со кој се соединуваат точки по определен редослед за да претставата конечен геометриски или растителен мотив во тетратки со точки (стигми). Често се користело и соединување на точки, кои во конечна форма треба да претставата мрежи на сложени декорации.

- **Цртање според репродукции** (копирање на веќе постоечки ликовни дела). Освен пејзажи, портрети и мртви природи, се користеле и дела со орнаменти и арабески како основа за декорација на објекти за секојдневна употреба.

2. **Предметот „Цртање“ да овозможи развој на креативните потенцијали на учениците, поттикнување на творештво и ликовна култура.** Доминантен е „природен метод“ кој овозможува цртање по природа, односно реализација на опсервациски цртежи, со кои се стимулира слободната експресија на учениците.
   Во оваа насока и швајцарскиот педагог Јохан Хајнрих Песталоци(1746-1827) смета дека цртањето е основа на образованието и е посебно важно во реализација на нагледноста во образовниот процес и го поттикнува слободното цртање како метод за разбирање на формите од најрана возраст.

## Ликовното образование и воспитување во 19 век

( движење за уметничко воспитување 1875-1930)

Развојот на индустријата и капиталистичкото општество наметнуваат потреба од интеграција на ликовните содржини во општо - образовниот процес наменет за сите деца. Потребите од реализација на дизајн за производите на индустријата се зголемувала, што условило воведување на цртањето како предмет во сите училишта. Посебноста, препознатливоста и уникатноста на нови производи на индустријата, условило неопходност од истражување во светот на природата на човечкатта перцепција, визуелниот израз, разбирањето на ликовните објекти. Во развојот на ликовното образование се развиле два спротивставени става:

•првиот став - образованието треба да биде насочено кон техничката стручност и професионализмот. Овој став барал акцентирање на геометриското цртање за сметка на уметничкото претставување ( потреба од дизан во индустријата);

•другиот став - борба за утврдување на творечкиот карактер на наставниот предмет цртање, за поефикасен и покомплетен развој наликовно-образовната култура.

Методите на ликовно образование се трансформираат во реализација на академско цртање според објект, односно опсервациски цртеж. За тоа било неопходно стекнување на знаења за просторно и илузионистичко прикажување на објектите со пропорции, визирање, перспектива, тонско степенување во презентација на волумен ( Јакубин, 1996).

Во Франција, во 1835 г. се јавило реформаторско движење со кое преку воведување на методите на дидактичка поставеност, принцип на достапност до повеќето ученици, изучување на принципите на перспектива се овозможило учениците во завршните години на основното образование да го изучуваат предметот цртање. Фридрих Флобер (1782-1820) се залага за духовен развој почнувајќи од детска возраст, со посебно потенцирање на придобивките од прецртување, илустрирање, но и самостојно креирање.

Во 1808 г. Шилер ги советува наставниците кои предаваат ликовно да не користат никакви строги правила, туку да овозможат потполно слободно да го покажат својот индивидуален талент. Реформаторското движење кое како основа ја имало индустријализацијата и во другите европски земји иницирало размислувања за промена на суштината на ликовното образование.

Во Англија, во 1837 г. Џон Раскин, акварелист и влијателен уметнички критичар иницирал формирање на

ликовни училишта (Ruskin School of Drawing, Oxford) со цел да се поттикне развојот на ликовните и технички вештини за врвни мајстори од занаетчиството. Ричард Редгрејв во 1857 г. имплементира методички постапки на прецртување на природата врз основа на геометријата. (Efland, 1990: 57).

Реформацијата на ликовното образование во Франција воведува коренити промени во 1882 г. во Париз, каде на педагошкиот собир на учители по цртање, цртањето е воведено во сите училишта како задолжителен предмет. Со тоа се создаваат основи за конципирање на систем на ликовно образование и воспитување со дефинирање на наставни содржини адекватни на возраста на учениците.

Во Англија во 1982, се вовела наставна програма во која се примениле понови стандарди во ликовното образование која се темелела на сознанија развој на уметничките способности, а со тоа се применувале и нови методи како цртање со четка, креативност во создавање на декоративни композиции, се организирале и изложби на ученички творби, со цел да се афирмира овој вид на образование во пошироките општествени кругови.

Во Македонија, во 19 век ликовното образование се стекнувало вон-институционално, односно со работа во зографски и копаничарски тајфи. Петре Филиповски-Гарката од Гари и Марко и Макарија Фрчковски од Галичник се најпознати копаничари кои обучувале помлади заинтересирани уметници за реализација на ликовни творби во резба.

Димитар Крстев, познат како Дичо Зограф е најпознат македонски зограф од 19 век, со над 2000 икони во црквите во Македонија, Србија и Грција. Своето знаење за зографисувањето, за подготовка на боите, подлогата, за дефинирање на композицијата, сликање на ликовните и др. како што и самиот наведува ги запишал во книгата „Ереминија“, како наследство за

следните генерации. Со тоа оставил пишан документ за реализација на своите сликарски методи.

На крајот од 19 век, стекнатите сознанија се реализираат и во разбирањето на образованието по цртање кое сè повеќе се поврзува со уметнички и креативен израз. Слободното цртање, претставување на доживувањата и впечатоците на учениците го заменуваат цртањето по диктат.

Академските вештини како просторно претставување, изучување на пропорциите, конструктивизмот, различните ликовни материјали, проучување на боите и нивните карактеристики се применуваат само во одреден број на училишта.

## Ликовното образование и воспитување во 20 век

Во тек на 20 –ти век постојат повеќе различни периоди во развојот на ликовното образование и воспитување:

1. **Психолошка фаза 1905 – 1930**
2. **Педагошка фаза 1930 -1960**
3. **Социолошка фаза 1960 – 2000**

## 1. **Психолошка фаза 1905 – 1930**

Крајот на XIX и почетокот на XX век се карактеризира со голем број на истражувања во областа на ликовното образование со посебен осврт на детското ликовно изразување од психолошки и педагошки аспект. Новите научни сознанија ги обликуваат содржините и начините на учење и поучување во областа на ликовното образование и воспитание.

Кершенштајнер, основач на концептот „активно училиште“, во 1905 г, ја објавува познатата книга „Развој на талентот за цртање“ со анализа на околу 100.000 детски цртежи од Михнен и неговата околина, кои ги класифицирал во три категории: 1.шематски цртежи, 2. цртежи базирани врз визуелен изглед; 3. цртежи во кои има обид за претставување на простор.

Марија Монтесори во 1908 г. со формирање на „Детски куќи“, оформува став, дека цртањето е активност која има подеднаква важност во сензомоторното стекнување на искуства и сознанија. Смета дека цртањето и обликувањето овозможуваат развој на способности за перцепирање, за естетско обликување, моторички вештини и дека треба да се реализираат паралелено со активностите како читање, пишување, сметање.

Во 1909 г. Министерството за образование на Франција како резултат на веќе содадено професионално и јавно мислење за значењето на ликовното образование, вовело наставна програма со предмет „Цртање“ во општо-образовните училишта која била со специфични цели и задачи во зависност од возраста на учениците:

•до 10 години се изучувала техниката цртање со молив, по сеќавање или со претставување на едноставни предмети.

•од 11 – 12 години се изучувале техниките сликање со акварел и цртање со пастел, во претставување на растенија и животни.

•од 13 -14 години – принципи на перспектива и цртање на перспектива.

•15 -16 години – цртање на портрети и бисти од гипсани модели, цртање на објекти под микроскоп и цртање на детали од архитектура.

Во истата година во Франција се основала национална организација „Уметноста во училиштето“, која до 1912 броела и 12 000 уметници и педагози од 60 провинции.

Во Германија е формирно училиштето за уметност и дизајн „Баухаус“ 1919 – 1933, од архитектот и дизајнер Валтер Гропиус. Основите на ликовно образование се содржат во нивната наставна програма која стимулира градење на естетски став: поттикнување на размислување, на креативен и имагинативен ангажман, начини на мотивација со основа на студии на перцепција. Идејниот концепт е дека секој добар уметник, дизајнер е потребно не само теоретски да ги познава, туку технички и да ги владее уметничките принципи, сите фази на техничката изработка, од идеја – до готов реализиран производ. За врвен квалтет на наставата придонеле најголемите ликовни уметници и архитекти во тоа време кои истовремено биле професори во „Баухаус“ – Пол Клее, Јоханес Итен, Јозеф Алберс, Мохоли-Наги, Василиј Кандински и др., кои ги поставиле темелите на науката за ликовната уметност, ги анализирале и продлабочиле аспектите на креативност и визуелно мислење. Нивните педагошки и методички насоки и денес се важна основа во методиката на ликовното образование.

Американскиот филозоф и едукатор, Џон Дуи, креатор на „прогресивно образование“ во 1919 г. смета дека секоја личност може да биде уметник и дека уметноста функционира откако ќе се доживее, како што наведува подоцна во својата книга „Уметноста како искуство“ од 1934 г. Објаснува дека процесите на истражување, активно гледање, барање на значење се трансформативни, овозможуваат подлабоко разбирање. Дури,

смета дека уметноста освен естетски пренесува и морални ставови за добро и лошо, има способност голема да едуцира.

## 2. Педагошка фаза 1930 -1960

Идеите на Бухаус за суштина и важност на професионалноста во ликовното образование, како и на Дуи за влијанието на уметностите во целокупниот развој на личноста, во голема мера го трасираат патот на ликовното образование во периодот после 1930 г.

Образовните ситеми во повеќето земји се развиваат и збогатуваат и со други неформални видови на ликовно образование, како ликовни организации, ликовни курсеви, дополнителни ликовни активности ви училиштата итн. Методите на поучување постојано се менувале и усовршувале, со внесување на декоративно цртање, цртање по сеќавање, различни техники на сликање, обликување.

За потврдување на значењето на уметностите во системот на образование особено е важно издавањето на книгата на авторот Херберт Рид, „Образование низ уметности“ од 1943 г. во која се дава потврда на целокупното ново разбирање на ликовното образование како комплексен систем кој влијае на комплетната едукација, стимулира учење во други области и стекнување на различни способности и вештини.

Највлијателна книга во областа на ликовното образование во втората половина на 20 век е „Креативен и ментален развој“ од авторот Виктор Ловинфелд од 1947, која доживеала 7 изданија. Во неа се објаснуваат карактеристиките на детскиот ликовен израз во различни фази од развојот: чкртаници, предшематска фаза, фаза на шема, псевдореализам, интелектуален реализам. Овие научни психолошки сознанија за ниво на детскиот

когнитивен развој кој се проектира во детските цртежи, имаат огромно влијание врз правилното поставување на критериуми за одредување на потребните постигнувања на учениците.

Ловинфелд смета дека слободното изразување на децата во различни ликовни медиуми е неопходно за правилен развој на личноста.

### 3. Социолошка фаза 1960 – 2000

Ликовната уметност се смета као средство за глобална комуникација бидејќи користи јазик кој е наднационален и универзален.

Декларација на УНЕСКО за наставата од обласа на ликовна уметност која дава пресек на светските достигнувања и традиции, но и препораки за иднина:

•ликовното образование има големо едукативно значење на естетски, интелектуален и морален план,

•ликовната уметност за значајна за развојот на личноста и продлабочување на познавањето на реалноста,

•визуелното образование на децата е потребно да биде потполно поради развојот на детската интелегенција, формирање на вкус,

•ликовните уметности може да бидат средство за разбирање помеѓу народите.

Рудолф Архајм ја истражува психологијата на визуелната перцепција, ги открива начините на разбирање на визуелните стимулации во книгите: „Уметност и визуелна перцепција“ од 1954 и „Визуелно мислење“ од 1969 г. Смета дека уметничките дела се презентација на визуелно мислење и експресија и дека

активната перцепција претставува креативно, активно разбирање. Неговите ставови имаат исклучителна важност во продлабочување на разбирањето на ликовната уметност и ликовниот израз врз научна основа.

Во периодот помеѓу 1980 и 1990г. во САД се промовира и застапува реформа за Предметно базирано уметничко образование (Discipline Based Art Education - DBAE). Ова е стратегија која се враќа на основите на ликовната област, односно се фокусира на содржини како линија, боја, тон, простор, хармонија, контраст. Целта е да се создаде систем на ликовно образование наменето за сите ученици кое содржи компоненти како: познавање на естетика, ликовни техники, историја на ликовна уметност и проценување на ликовни дела како составни делови на програма за ликовно образование. Цел на оваа реформа била да ги продлабочи знаењата и способностите учениците со содржини кои претходно не биле достапни на сите, а се важни во стимулирање на развојот на личноста. Ваквата програма е посебно создадена за предучилишно и основно образование и со неа е овозможено да се создаде стнадардизирана рамка за евалуација на знаењата, техничките способности естетското проценување на учениците.

## Ликовното образование и воспитување на почеток на 21 век

Карактеристиките на начинот на живот во секој историски период се рефлектираат во сите сфери на општествениот живот. Масовната употреба на дигиталните средства за комуникација која е доминантно визуелна и симболичка, со право го одредува почетокот на 21 век како време на неопходно стекнување на визуелна култура.

Образованието секогаш е вистинска презентација на степенот на развој на секоја организирана заедница.

Стекнувањето на знаења, способности и технички вештини во визуелната комуникација го одредува квалитетот на ликовното образование во новиот милениум.

Освен стандардното ликовно образование во училиштата и во музеите сè повеќе се посветува внимание не само на презентација на делата, туку и на едукација на посетителите преку изложените експонати.

Со тоа се овозможува пристап на секој посетител до пораките презентирани во врвни уметнички дела од различни области. Во познатите светски музеи (МОМА, Гугенјајм во Њујорк, Британски музеј, Тејт галерија во Лондон, итн.) се креираат специјални програми за едукација на посетители од предучилишна, па сè до најстара возраст, почитувајќи ги развојните фази и интересите на различните групи. Едукацијата во ликовната област како и стекнувањето на ликовна и визуелна писменост стануваат достапни за сите посетители.

Во новиот милениум едукациските трендови од минатото се користат као основа за нови реформи и подобрување на квалитетот на ликовното образование. Културните, економските и особено технолошките промени значајно влијаат на потребите и способностите на современиот човек. За адекватна едукација актуелното визуелно образование треба да понуди содржини кои ќе им овозможат на децата и учениците стекнување на знаења, вештини, способности, како и потттикнување на критичко, креативно и имагинативно мислење.

За исполнување на ваква обемна задача неопоходно е да се користат искуства од минатото и да се внесат содржини со мултикултурален, конструктивистички карактер, предметно базиран курикулум, критичка педагогија, визуелна култура.

## Карактеристиките на наставните програми по ликовно образование во Република Македонија 1948 - 2016

Организацијата на наставата по предметот „Ликовно образование" во Македонија се одликува со доминантно развоен концепт, кој е во насока со глобалните светски тенденции.

**1. Во програмата за основни училишта од 1948 г**. (Државно книгоиздателство на НР Македонија Скопје 1948) постоел предмет „Цртање" кој се реализирал со еден час неделно. Задачата на предметот цртање во основното училиште е: да ја развие способноста за набљудување на предметите во природата и способностите за забележување на формите, пропорциите и врските во просторот; да ги запознае учениците со основните шправила за цртање; да развие способност за претставување на детските претстави, поими, чувства и доживувања, да развие кај учениците смисла и чувство за убавина .

**2. Промени на наставната програма се внесуваат во 1952 година** (Совет за просвета, наука и култура на НР Македонија) со ставање поголем акцент на естетското воспитување во рамките на ликовно образование: да се издигнува чувството за убавото во форма и содржина; да ги научи учениците да гледаат со помошта на ликовните средства и да ја изнесат својата мисла и фантазија; да стекнат вештини за конструктивна работа, геометриското и графичкото цртање.

**Во период од 35 години, (1981-2016) реализирани се четири квалитативни промени во дефинирање на наставните програми:**

**3. Наставна програма од 1981 година:** се надоврзува на претходните наставни програми од втора половина на 20 век, со доминантна тенденцијата за истакнување на литературниот аспект на ликовното дело – приказната, појавната реалност, со миметичка реализација која овозможува ограничен пристап во

широкото поле на ликовна креација. Слободата во творештвото се состои главно од слобода во избор на материјалот, техниката на реализација и мотивот, со што ликовните дела добиваат доминантно илустративен карактер. Огромното поле на ликовни содржини, концепти и соодветни можности за реализација не се вклучени во образовниот процес. Ликовниот јазик не е основа, ниту составен дел на наставните содржини.

4. **Наставна програма од 1989 година**: се реформира претходниот концепт и се создава наставната програма со централна поставеност на ликовниот јазик. Наместо мотив, централно место во целото осмислување на наставната содржина зазема ликовната содржина: видови на текстура, надворешен и внатрешен простор, имитација и илузија на текстура, комплементарен контраст.... Концепциските промени од 1989 година се радикални и суштински, бидејќи се однесуваат на внесување на базичниот елемент на ликовниот израз - ликовниот јазик во стандардната наставна програма. Овој вид на наставна програма е проблемски, односно учениците „од прво одделение постепено и систематично, се поставуваат во ликовно-проблемска ситуација, која преку креативна игра овозможува активен и креативен однос на ученикот кон ликовниот проблем". (Ордев,2004).

5. **Наставна програма од 1997 година**: квалитативна промена која претставува конкретизација и дефинирана поставеност на базичните содржини на наставниот предмет врз темелните законитости кои произлегуваат од теоријата на ликовното творештво, односно ликовниот јазик" (Ордев, 2004). Ликовните содржини се основа на целата наставна програма од која произлегуваат и целите и задачите. Квалитативен исчекор е дефинирање на ликовните подрачја во наставните програми како: цртање, сликање, обликување во простор, графика, визуелни комуникации и дизајн. Со ваквата структурна поставеност ликовното образование како наставен предмет се здобива со артикулирање на стручна јазичност, која е основен клуч за квалитетно ликовно изразување. Промената на наставата по ликовно образование од **мотивска** во **проблемска** е

радикална во начинот на реализација, но пред се во самиот концепт за смислата и намената на ликовното образование. Проблемската настава по ликовно образование (Discipline Based Art Education - DBAE) е заснована на предметна стручност и компетентност во реализација на ликовни содржини, ликовни техники и концепти.. Нејзина цел е да се организираат и интегрираат знаења и информации акумулирани во тек на вековите во областите како арт продукција, уметничка историја, естетика и критика на ниво адекватно за когнитивните, моторички и емоционални карактеристики на учениците во основното образование, со цел - да се направи ова знаење апликативно во наставната пракса и секојдневниот живот.

**6. Наставна програма од 2007 година:** основа има во „Концепција за деветгодишно основно образование“ која се базира на „Национална програма за развој на образование во РМ (2005-2015)“. Во неа се потенцира дека една од основните цели на деветгодишното основното образование е: „поттикнивање на креативност и способност за изразување во подрачја на музика, ликовно творештво и други видови на уметност“(стр.77). Како важна цел се истакнува и „развивање на комуникациски вештини, критичко мислење и креативност на учениците“(стр.77).

Значаен исчекор во наставната програма е и одредување часови за анализа на ликовните дела и ликовните творби што од наставниците бара компетенции за стимулирање на критичкото мислење на учениците.

# РАЗВОЈ НА ДЕТСКОТО ЛИКОВНО ИЗРАЗУВАЊЕ

Развојот на детското ликовно изразување и дефинирање на развојни фази е истражувано од повеќе автори. Меѓу нив најзначајни се Виктор Лавенфелд, Маријана Карлаваж и Џуди Бартон (Lowenfeld,V., Kerlavage, M., Burton, J.) Постојат повеќе фактори кои влијаат на детскиот развој. Тој се одвива според развојни фази кои дефинираат развојни стандарди за проценување на напредувањето на деца од одредена возраст.

Развојот е индивидуална карактеристика, па нивото на реализација на ликовните творби често може да варира во однос на возраста, односно понекогаш дете од 4 години се наоѓа во фазата шема, а друго дете, иако на иста возраст со првото дете, но во фазата пред-шема, следејќи го сосптвениот развој. Повеќето истражувања за развојните фази на детското ликовно изразување, потврдуваат дека наставата по ликовното воспитување се заснова на сознанија за детското ликовно разбирање кое е во согласност со развојот на општите спознајни способности на детето (перцепција, претстави, поим).

Оддлени ментални активности - *набљудување, емоции, интелектуални функции и моторичкото изразување на различна возраст* во ликовното изразување имаат важна функција. Тие се во кохезија со природните случувања која ги стимулира ликовните активности, а тоа доведува до различно ликовно изразување на различни возрасти.

Големиот број направени анализи отвораат повеќе прашања за досегашното воспитување, начинот на кој се изразуваат децата во различното креативно претставување, различните концепти на претставување на објектите, а и интересирања за изборот на објектите.

Досегашните анализи на образованието и карактеристиките на развојот на спознајниот и визуелниот процес кај детето, водат кон заклучок дека тој процес треба свесно да се организира,

насочува и поттикнува, притоа не интерферирајќи со неговите природни и спонтани текови.

## ФАЗИ ВО РАЗВОЈ НА ДЕТСКОТО ЛИКОВНО ИЗРАЗУВАЊЕ:

**2-4 години: Чкртаници** (Read, 1966,Lowenfeld, 1978)

- *пред-репрезентациска фаза (Burton),*
- *создавање на знаци фаза (Kerlavage)*

Во оваа фаза на развој, децата не цртаат објекти или симболи, туку цртањето е активност која им овозможува да ги движат рацете, дланките и прстите слободно, а истовремено да ги видат трагите од активноста. Движењата се слободни и спонтани, без цел да се претстави објект или идеја.Бојата не е важна, таа е само начин да се биде вклучен во активност која во оваа возраст е една од најпосакуваните за секое дете – практично нема дете кое не сака да црта со фломастер, восочен пастел, да црта во снег, на песок...

Во фазата „чкртаници" постојат четири под-фази:

1. **Дезориентирани чкртаници**: првите случајно нацртани неконтролирани линии, точки, отворени форми претставуваат само документ за задоволство во кинестетичка активност, без намера да претстават форма или објект. Децата во оваа фаза имаат многу малку или воопшто немаат контрола врз моторната активност.





2. **Лонгитудинални чкртаници**: Децата само сакаат да цртаат сè повеќе и се задоволни што резултат од нивната активност е видлив. Во оваа фаза децата го контролираат повторувањето на движењата. Покажуваат визуелна свесност за активноста и задоволство во кинестетичко движење.

 

3. **Кружни чкртаници**: со повторување на цртањето најчести се кружните форми.

 


4. **Именување на чкртаниците:** Постепено чкртаниците стануваат сѐ поорганизирани, а на крај од оваа фаза децата ги именуваат чкртаниците, што е важен дел од психичкиот развој. Се јавува промена од кинестетичко мислење во смисла на движење, во имагинативно мислење во смисла на слики. Ова е една од позначајните развојни карактеристики на секое дете – развој на способноста за да визуализира во слики.

 

Со постепениот ментален развој, се јавуваат и првите свесно нацртани форми во тригодишна возраст кои го презентираат развојниот ментален процес на детето.

***Како да се мотивираат:*** *Добро е децата да добијат можности да оставаат нацртани траги со различни ликовни средства кои лесно се држат. Користете материјали во различни јаки, интензивни бои и текстури.*

### **4-7 години: Пред-шематска фаза** (Lowenfeld)

- *први визуелни симболи (Burton),*
- *рано создавање на симболи (Kerlavage)*

Децата во оваа фаза на развој на ликовното изразување почнуваат да ги  забележуваат односите меѓу формите кои ги цртаат и физичкиот свет околу нив. Круговите и линиите може да се опишат како луѓе или објекти што се физички присутни во животот на детето. Ова е фазата во која децата за прв пат прават обид да комуницираат преку своите цртежи, така што свесно се трудат да го контолираат нацртаното. Кружните линиски форми во оваа фаза прво од отворени постепено преминуваат во затворени, за потоа да почнат да содржат свесно нацртани точки како очи и линии како нос и уста, со што сугерираат на човечко лице. Ова е фаза во која визуелната идеја се развива, односно цртежите покажуваат кои елементи детето ги забележало и за кои смета дека се важни за претставената личност. Вообичаено не постои, или е минимално разбирањето на простор – формите се раштркани на површината на листот. Во тек на цртање, децата може да го свртат цртежот повеќе пати. Подоцна, формите од распрснати на целата површина на листот, често се организираат во хоризонтала.

Употребата на боја е повеќе емоционална отколку логична.

Оваа фаза содржи можност за постепено проекција на детскиот развој – после стекнување на моторички способности во претставување на лице, децата напредуваат во претставување на цела човечка фигура. Од веќе линиски нацртаното лице со додавање на две линии за раце и две линии за нозе директно од кругот кој претставува лице, се добива претстава на т.н. „главоношци“, односно почетно претставување на човечка фигура.

Претставувањето на човечка фигура е симболично. Децата се во постојана потрага за нови начини на прикажување, а со тоа и изгледот на симболично прикажаната човечка фигура се менува. Цртежите раскажуваат приказни за секојдневните

случки, проблеми со форми кои се надополнуваат во зависност од значењето кое треба да се претстави. Често кога проблемите ќе се претставаат, детето се чувствува подобро во соочувањето со нив.

***Како да се мотивираат:*** *Прашајте ги децата да ги објаснат своите цртежи и да ја раскажат приказната за настанот кој е претставен. Избегнувајте да погодувате што кој симбол значи, само прашувајте и слушајте – така ќе ги мотивирате.*






**6-9 години: Шема** (Lowenfeld),

- *визуелни настани (Burton),*
- *создавање на симболи (Kerlavage)*

Во оваа фаза децата точно знаат што сакаат да претстават. Веќе имаат развиено шема, односно одреден, дефиниран начин на кој ги претставуваат лицата на луѓето, човечките фигури, објектите. Шемата го покажува активното познавање на она што се претставува.

Често имаат и посебен ред во прикажувањето (на пример некои деца почнуваат со цртање на очи, потоа нос, уста и на крај круг околу нив кој претставува глава, други почнуваат со цртање на контурна линија за лице, па коса итн..) Важно е дека децата ги повторуваат своите научени потези.

Оваа фаза лесно се препознава по покажаната свесност за простор. Во цртежите е секогаш јасно одделено небото од земјата ( обично небото е сина лента во горниот дел на цртежот, додека подлогата е обично зелена во долниот дел на цртежот). Објектите кои се претставени се обично раштркани по површината на листот. Често е превртување на објектите, односно она што во реалноста е горе, претставено е долу и обратно.

Објектите кои за децата се посебно важни, за кои децата се посилно емотивно врзани се нацртани поголеми од останатаите без оглед на нивната реална големина (на пр. кучето може да е поголемо од куќа, цвеќе повисоко од човек, членови на семејството прикажани поголеми и помали..).

Боите се претставуваат преку линии, односно со нив се уште се црта.

Посебна карактеристика на оваа фаза е т.н. „рентгенско претставување“ – објектите се претставуваат како да се провидни, како да може да се види низ нив ( зграда во која се гледа што прават жителите во секоја соба, автомобил во кој се гледа моторот, седиштата, воланот, целите фигури на луѓе кои седат во него ...).

**Како да се мотивираат:** *разговарајте како се претставени формите. Нацртаните фигури ја зголемуваат свесноста за деталите. Добро е да ги поттикнете да раскажуваат приказни за својата работа.*





**9-11 години: Интелектуален реализам, Фаза на група**

- *будење на реализам* (Lowenfeld)
- *репрезентација (Burton),*
- *достигната репрезентација (Kerlavage)*

Децата на оваа возраст се критични кон своите цртежи. Последователното цртање на детали, научено прикажување на објектите е веќе непотребно, односно децата веќе можат да претставaт објекти според различен редослед во цртањето. Стануваат свесни дека шематската генерализација не ја претставува реалноста.

Шемата и понатаму се користи во претставување на објекти, но со многу повеќе детали и индивидуални карактеристики, кои сеуште се далеку од натурализам.

Интерес и разбирање на просторот се покажува со претставување на преклопување на објектите, оддалечување на објектите во простор. Се јавува и прикажување на тродимензионалните објектите во обратна перспектива, намалување на објектите кои се одалечени во простор, со додавање на сенки. Во цртежите наместо линија на основата (подлогата) и линијата на небо, сѐ повеќе се претставува линија на хоризонт.

Оваа фаза уште се нарекува и „фаза на група“, бидејќи дружењето со деца од ист пол е многу често. Ова е период на себесвесност до точка на самокритичност во ликовното изразување. Се претставуваат детали, облека со идентитет, лични карактеристики. Момчињата често прикажуват супер херои, диносауруси, возила, а девојчињата цртаат семејство, пејзажи, модели.

Поради постоење на свесност за недостаток на сопствената вештина во реалистично претставување, цртежите се помалку спонтани отколку во претходната фаза.

.









**Како да се мотивираат:** *претставете им техники со кои може да ги поедностават сложените форми, како да ги најдат едноставните геометриски форми ( тиаголник, квадрат, круг...) во објектите. Нека истражуваат едноставна перспектива со една централна точка за да ги разберат и развијат просторните релации. Поттикнете ги да експериментираат со апстракни (не-репрезентативни цртежи) за да се развие свесноста за креативните можности на ликовното изразување. Вежбајте поставување на сенки, пропорции и едноставни композиции*

**11-13 години: Визуелен, оптички реализам**

- *псевдо-реалистична фаза* (Lowenfeld)
- *идеите бараат форми (Burton),*
- *уметнички предизвик (Kerlavage).*

Употребата на тонови и светло се јавува во цртежите. Децата во оваа фаза се особено критични кон своите цртежи. Успехот го одредуваат преку нивото на реализам кој е претставен на цртежот. Незадоволство често се јавува како резултат на активна визуелна перцепција и согледување на детали и карактер на целината што се претставува, како и техничката нспособнот да се претстави реалистично.

Додека во претходната фаза процесот на претставување има големо значење, во оваа фаза објектите, и реализираната цел се најважни за детето. Во оваа фаза се одделуваат две основни психолошки разлики кои се проектираат во зависност од ликовниот тип на дете. Така визуелните типови на деца претставуваат форми кои треба да потсетуваат на реалните, додека невизуелните типови на деца прикажуваат субјективни, емоционално презентирани објекти и сцени, кои зависат од емоционалнта релација на детето со нив. Во употреба на бојата визуелните типови на деца го разбираат концептот на менување на боите врз основа на промени во околината, додека невизуелните типови на деца ги користат боите како средство за да покажат емоции.





**Како да се мотивираат:**

*Урамнотежете го опсервациското цртање со уметност исполнета со значење.*

*Покажете им уметнички дела во кои надворешниот изглед е споредден во однос на емоционалната реакција на гледачот.*

*Предлагајте цртање на простор со просторни планови, светло и темно, композиција, употреба на боја.*
*Потребните ликовни задачи насочете ги да ги решават и со употреба на дигитални медиуми, на пример: топли и ладни бои, пејзач – фотографија, затворена композиција со мобилен телефон, плакат или покана за концерт или со употреба на едноставни компјутерски програми за цртање и сликање итн.*

**14-16 години: Период на одлука**

Ликовното изразување во оваа фаза е нешто со што треба да се продолжи и понатаму, или да се остави.

Природниот развој престанува освен ако не се донесе свесна одлука да се продолжи со стекнување и унапредување на споосбностите за ликовно изразување. Учениците се критични и свесниза непотполноста во нивното изразување и лесно се обесхрабруваат. Lowenfeld советува запознавање со богатиот фонд на светско ликовно наследсво, со вклучување на не-репрезентациска уметност и запознавање и со други ликовни дисциплини- архитектура, внатрешен дизајн, текстилен дизајн ( н.з. графички дизајн, фотографија, сликарство, скулптура...).





**Како да се мотивираат:** *Поттикнете ликовно изразување кое е мотивирано од емоции. Анализирајте ги ремек-делата на големите мајстори на ликовна уметност за да се стекне искуство и познавање на широк спектар на ликовни техники кои може да се користат во оваа возраст.*

*Во современиот свет на дигитална комуникација, децата на возраст од 14 -16 години се активно вклучени. Социјализацијата и размената на идеи и инфиормации често се одвива брзо, инстантно  па поради тоа употребата на визуели средства е неопходна. Поттикнете ги да користат елементи од визуелниот јазик за креирање на пораки, објаснете ги симболичките аспекти на ликовниот израз и можностите за нивна употреба.*

# ЛИКОВНИ ТИПОВИ ДЕЦА

Ликовното изразување на децата ги следи законитистите на физичкиот, интелектуалниот и емоционалниот развој соодветен за одередена хронолошка возраст. Развојот на пецептивните, моторички и сознајни способности е под влијание на природниот развој и на средината во која детето расте.

Ликовното изразување е една од првите спонтани, а подоцна смислени и организирани активности на секое дете. Но и покрај одредените првилности во развојот на ликовните способности во однос на возраста, сепак постојат индивидуални разлики во цртежите, сликите, скулптурите меѓу децата од иста возраст. Во процесот на ликовно создавање се активираат повеќе психички способности, но нивниот однос е посебен и уникатен за секоја личност. Во секоја личност постојат карактеристики кои повеќе се истакнуваат, но и карактеристики кои се супримирани или се помалку нагласени, што има влијание врз сечиј ликовен израз.

Цртежите, сликите, скулптурите, колажите, графиките, дизајнерските решнија на учениците се вистински извор на информации за карактеристиките на секој од нив. Внимателно следење, анализа не само на една, туку секогаш на целина, на повеќе ликовни творби може да биде основа за носење на валидна проценка за кој тип на ученик станува збор.

Ликовните дела на учениците ги претставуваат не само нивните општи карктеристики како личности, туку и нивната психолошка, емотивна состојба, со што претставуваат важен показател за нивото на разбирање на наставната содржина, за стекнатите технички способности и вештини.

Врз основа на тоа кои карактеристики се истакнуваат и во кој обем, разликуваме повеќе ликовни типови на деца. Оваа поделба се однесува и на ликовни типови на ученици, односно ликовни типови на луѓе, бидејќи основа за одредување на одреден тип се базичните карактеристики на личноста. Обично во дефинирање на ликовниот тип на дете влијание имаат повеќе карактеристики, па може да има визуелно – конструктивен тип, визуелно – графички тип, имагинативно – графички тип, имагинативно-

колористички тип, аналитичко – просторен тип, аналитичко-декоративен тип, итн.

Генерално, ликовните типови на деца може да ги поделиме врз основа на два критериуми:

1. ликовни типови деца во однос на психичките карактеристики;
2. ликовни типови деца во однос на афинитетот кон одреден ликовниот израз;



# ЛИКОВНИ ТИПОВИ ДЕЦА ВО ОДНОС НА ПСИХИЧКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ

## ВИЗУЕЛЕН ТИП

Активна визуелна перцепција е основна каркатеристика на овој ликовен тип на дете. Таа му овозможува забележување на детали на реалните објекти, и нивните заемни односи. Особено е развиена способноста за реалистично и објективно прикажување и верно пренесување на стварноста без нејзино менување.

Визуелниот тип на дете ја наоѓа убавината во секојдневните ситуации, вообичаено е инспириран од убавините на природата или од секојдневните објекти кај кои умее да ја забележи поетичноста. Овие деца се заинтересирани и за претставување и на портрети, растенија и животни во кои наоѓаат естетска убавина. Често реалистичноста во прикажувањето не им овозможува да ја претстават ликовната композиција со креативност и личен белег.

Поттик наоѓаат во стекнување на технички способности за уште пореалистично прикажување како за формите, така и за боите и текстурите. Потребно е да се стимулираат со внесување на имагинативни елементи во своите ликовни творби, како и во напорите преку нив да претстават своја идеја, а не само обид за фотографски цртеж, слика или скулптура. Добро е да се запознаваат и со други ликовни техники како графика, колаж, асемблаж, експресивно цртање и сликање, кое ќе им овозможи послободно да ја користат својата способност за реалистично претставување.





## ИМАГИНАТИВЕН ТИП

За разлика од визуелниот тип, имагинативниот тип на дете воопшто не се занимава со точност во реалистично претставување. Прецизноста во претставувањето на објектите и деталите не е во фокус на неговиот интерес.

Перцепираната реалност ја претставува изменета со својата фантазија и внесува неочекувани промени во однос на форма, содржина, композиција. Фантазијата е светот во кој овој тип на дете најлесно се снаоѓа, и со радост го реализира. Таа е бескрајно поле преполно со креативни идеи. Овој тип на дете интерес наоѓа во претставување на специфични бои, форми, големини. Во неговите креации се гледа слободно, неограничено создавање, спонтано и без самостојна потреба од подредување на некој авторитет.

Овие деца се отворени за разговор, сакаат вербално да ги објаснат своите креации, прифаќаат сугестии ако сметаат дека го унапредуваат нивниот начин на прикажување.

Во неговите ликовни дела често недостасува компактност и јасност, но способноста за слободно и креативно ликовно изразување секој наставник треба да ја негува, стимулира и развива со имплементација на елементи од ликовниот јазик.





## АНАЛИТИЧКИ ТИП

Аналитичка перцепција, склоност кон забележување на детали и прецизност во реализирање на творбите се основно каркатеристикина овој ликовен тип. Целината претставува комплицирана сложувалка во која секој дел има свое значење и свое место. Без сите елементи за кои овој тип на дете смета дека се неопходни (а нив често ги има навистина во изобилство), целината не е завршена. Таа се перцепира само како збир од повеќе делови, кои поединечно во сваќањето на овој ликовен тип на дете се од исклучителна важност. Деталите се јасно и логично претставени. Во ликовните претстави аналитичката перцепција на овој ликовен тип често одушевува со покажување на финеси и суптилни елементи. Најчесто сака да црта, бидејќи на тој начин може прецизно и јасно да ги покаже и најмалите делови. Во неговите цртежи приказната, последователноста на настаните, раскажувањето преку слики има најголемо значење. Овој ликовен тип е самокритичен, интелектуално насочен, размислува апстрактно.

За да се развие и обогати неговиот начин на изразување потребно е да му се овозможи да слика со темперни, акрилни бои, да претставува текстури и да се запознава со реализација на композиција како целина на повеќе делови. На тој начин ќе му се овозможи да го разбере значењето на целината и покрај склоноста во прикажување на детали.








## СИНТЕТИЧКИ ТИП

Истакнување на целината, а занемарување на деталите се основни карактерстики на овој ликовен тип на дете. Во изразувањето тргнува од целината кон деловите, користејќи ги само оние детали кои се неопходни за да се претстави основната идеја. Тоа го постигнува со поедноставно прикажување на формите, волуменот и просторните односи. Развиената способност за синтетичка перцепција овозможува рационален избор на минимум компоненти потребни за да се разбере целината на претставената сцена.

Ретко го интересира претставување на илузија на тродимензионален простор, а кога и го претставува просторот користи мал и редуциран број на елементи.

Интелектуалниот пристап како и кај аналитичкиот тип на дете е основа која го дефинира ликовниот израз, но со потполно спротивна појавност и карактеристики. Во ликовниот израз на овие деца, често доминира одредена ситуација со цел да се презентира концизно визуелна порака или став.

Потребно е повремено да му се обрнува внимание за претставување на детали, но со постојана поддршка во оплеменување и потенцирање на способноста за разбирање на целината.





## ИНТЕЛЕКТУАЛЕН ТИП

Пред да почне со реализација, интелектуалниот тип на дете има јасна и прецизна идеја за својата творба. Се труди да ја разработи во што повеќе варијанти, за да го одбере најдоброто решение. Поаѓа од разумот и плански, систематично и постапно ја гради својата ликовна креација. Често користи математичка прецизност и силни конструкции преку кои го претставува своето знаење.

Елементите кои ги користи во голема мера се релистично претставени. Ако пак е претставена креативна форма или неочекуван простор од фантазија, секогаш елементите кои го градат имаат логична функција и поврзаност.

Понекогаш овој ликовен тип на дете нема храброст да претстави имагинација или емоција во она што ќе го осмисли и се фокусира само на реалистичен приказ на саканата сцена.

Интелектуалниот тип на дете почесто сака да црта отколку да слика. Боите се во контекст на објективно претставување на одбраните форми, односно онака како што е во реалноста.

Обично секогаш ги разбира и може да ги објасни своите творби во контекст на поставениот ликовен проблем.





## ЕКСПРЕСИВЕН ТИП

Презентација на сопствените емоции најчесто низ бои, но и форми е основна каракеристика на овој ликовен тип на дете. Се изразува спонтано, дозволува чувствата да го водат во процесот на ликовно изразување. Често се случува да почне без јасна ликовна идеја, но во процесот на креација, дозволува да го водат почетните форми и да заврши со нешто потполно поинакво.

Доживувањето во тек на цртањето или сликањето, моменталната состојба е најважна во неговите ликовни творби. Поради тоа, спонтаноста е една од основите и најважни карактеристики на овој ликовен тип. Основно ликовно изразно средство е бојата. Прикажаните емоции може да бидат лирски, нежни (со пастелни и пригушени бои, но јаки и впечатливи потези) или драмски, погруби, бурни (со контрастни, интензивни бои и динамични потези).

Омилен начин на изразување е сликање со темперни, акрилни бои, цртање со јаглен, пастел. Освен изборот на бои, спонтаниот потег што го одразува моментот ја прави разликата со другите ликовни типови голема. Овие ликовни типови на деца очекуваат брзо да завршат со реализација, но ако им се овозможи да стекнат информации за поуспешно претставување, обично имаат интерес да го разберат во контекст на својот ликовен израз.

Оригиналноста е честа карактеристика на овие типови на деца. Вообичаено доминира цртачко-колористичка емоција без прикажани детали која е во голем број од случаите без адекватна техничка вештина.

Светот кој го претставува е самостоен, различен, без потреба да се споредува со другите.Потребно е да се стимулира експресијата во изразот и понатаму: јаки интензивни бои, контраст на форми, слободни експресивни потези. Слободата во ликовното изразување треба да се надградува со техничка спретност.









## ЛИКОВНИ ТИПОВИ ДЕЦА ВО ОДНОС НА АФИНИТЕТОТ КОН ОДРЕДЕН ЛИКОВЕН ИЗРАЗ

### КОЛОРИСТИЧКИ ТИП

Основно средство за изразување е бојата. Светот во бои го радува и стимулира овој ликовен тип на дете. Перцепцијата на бои во исто време претставува и интуитивен однос кон бојата. Таа за него има особено силно симболичко значење, можност за покажување на сопствените емоции, опшување на одредени настани.

Перцепцијата на боите, нивните тонови, полутонови и валери е посебно јасно изразена. И најмалите разлики во боите се собено важни. Боите често се и начин и можност за самоидентификација, како и за претставување на другите луѓе. Овој ликовен тип повеќе ја чувствува површината и колористичките односи отколку линијата. Таа за него има споредно значење или е потполно непотребна. Интензитетот на бојата зависи од личните карактеристики - јаки и интензивни бои или нежни и пастелни бои.  И во двата случаи боите се директен показател за емотивната состојба на детето – секоја комбинација на бои го проектира личниот свет на детето, неговиот емотивен однос кон средината и мотивот кој се обработува.

Наставникот траб да ја зачува експресивноста или лиричноста во користење на боите кај овие деца, но треба да ги надгради со имплементација на цртеж и јасна композиција.









**ГРАФИЧКИ ТИП**

Основно средство за изразување е **линијата.** Овој ликовен тип на дете најлесно се изразува преку разновидни видови на линии. Неговата најдоминантна способност е да презентира различни видови на линии: од груби до нежни, од дебели до тенки, од темни до светли , од експресивни до лирични.

Најчесто линиите кои се користат се контурни, со различна дебелина и експресивност. Целта им е да претставаат одредена приказна, настан и содржат повеќе наративни, раскажувачки, отколку експресивни елементи. Графичкиот ликовен тип на дете го користи често стрипскиот начин на прикажување кој му овозможува детално и последователно прикажување на саканите настани. Креативноста се покажува во необично нацртаните форми и ликови, како и во смислување на приказната. Поради тоа, цртежите често презентираат богатство на детали и симболи. Бојата е во втор план и се користи да ја потврди приказната.

За да се унапредат способностите на овој ликовен тип, потребно е да му се овозможи запознавање со карактеристиките и можностите на боите во опишување и објаснување на одредена претставена сцена, на експресивниот, помалку прецизен начин на прикажување кој овозможува поголема презентација на емоции. Потребно е да се задржи и унапреди цртачката вештина со потенцирање на боите во претставување на целосен цртеж.





**КОНСТРУКТИВЕН ТИП**

Основно средство за изразување на конструктивниот тип е **формата** и во неговите ликовни творби посебно е потенцирана меѓусебната поврзаност на формата и подлогата ( хоризонталата).

Од самиот почеток го води прецизна и дефинирана идеја. Овој тип на дете тргнува од целината на која потоа се надоврзуваат формите јасно поставени во просторот. Неговите креации секогаш имаат изразена цврстина и конструкција во претставувањето. Во ликовниот израз на ова дете особено му се важни стабилноста, цврстината и односите помеѓу формите. Бојата е обично споредна со функција да ја потенцира формата. Способностите на овие типови на деца најчесто се покажуваат во рационалност, оптичка чувствителност и аналитичка перцепција. Уживаат во прикажување на целата сцена со геометриска прецизност и математичка точност.

Овие типови на деца често се упорни и доследни, строги кон себе додека не ја завршат ликовната творба. Постојано имаат високи критериуми насочени кон реалистичен израз. Ликовната конструктивност е логична и смислена.

За да ја надградат својата способност, добро е да се потенцира имагинативноста во претставувањето и употреба на бојата како лирски или експресивен ликовен елемент.










**ИМПУЛСИВЕН ТИП**

Основно средство за изразување на дете кое припаѓа на овој ликовен тип е потег – гест. Убавината на спонтаното мешање на боите е позначајна за овој ликовен тип на дете отколку копозицијата и внатрешната јасна структура. Поради ова, често се јавува кај цртежите на овие деца недовршеност и нејасност.

Импулсивниот тип на дете се раководи од сопствените емоции и фантазија, а композицијата ја гради со слободни, експресивни потези. Слободата и брзината во реализација на ликовната креација му е особено важна. Моменталната состојба на неговите мисли и нивна што подиректна презентација се доминантни насоки во ликовниот израз на овие деца.

Брзината на цртање и особено на сликање ја поттикнува неговата фантазија и креативна експресија. Моторичката способност за кратко време да реализира ликовна претстава е доминантна и ја надвладува потребата за почетна јасна идеја.

Често импулсивните типови на деца немаат концентрација и трпение за перзистентно унапредување и корегирање на цртежот или сликата. Задоволни се со глобално претставување на форми, без употреба на споредни елементи. Деталите се занемарени, а целината и експлозивноста доминираат.

Формите се динамични, разиграни и слободни, како резултат на визуелно паметење и се претставуваат не како што во моментот изгледаат, туку повеќе онака како што се доживеани. Ликовната перцепција е под влијание на моментот и расположението отколку под влијание на прецизно претходно зацртана идеја. Овие деца имаат потреба за јавно покажување на својот став, што е особено изразено преку слободен и богат колорит и потег. Емоционалната интелигенција често е посебно изразена карактеристика кај овие деца.

За да се развива креативноста и понатаму, потребно е да се потттикнува детето со нови визуелни стимули и медиуми ( репродукции, импасто сликање, колаж, витраж) кои ќе овозможат имплементација на елементите од ликовниот јазик во неговата потреба за брзо и експресивно сликање и цртање.









**ПРОСТОРЕН ТИП**

Просторниот тип на дете има развиена активна перцепција насочена кон регистрирање на промените во просторот околу себе. Основно средство за изразување е просторот, го анализира и има способности да го претстави просторот објективно, со јасна намера за реалистично претставување на предметите во него. Ја разбира просторната оддалеченост и поставеност на објектите во просторни планови. На помала возраст кога објектите за кои е детето емоционално поврзано природно се претставуваат поголеми, можно е да се погреши во процената на овој тип на дете. Но во тек на растењето, со сѐ поголемо интелектуално ангажирање и разбирање на претставувањето на просторот рационално, со леснотија се претставува позиционираноста на помали елементи во позадина, а поголеми во преден план. Овој ликовен тип на дете секогаш се труди прикажаните елементи да ги усогласи во однос на нивната поставеност далеку-блиску со: големо – мало, темно – светло, интензивни бои - пригушени бои.

Често овие ликовни типови на деца се стемат кон тродимензионално изразување, па се посебно мотивирани кога треба да обликуваат или моделираат ( скулптури од глина, хартија, метална фолија, картон, маски од хартија).

Добро е да се овозможи на овој тип на деца да разберат дека со претставување на простор може да се пренесат и подлабоки смислени пораки.









## ДЕКОРАТИВЕН ТИП

Основно средство за изразување на декоративниот ликовен тип се површини и детали. Формите ги претставува дводимензионално и го занемарува просторното прикажување.

Во неговите ликовни презентации не постои прикажување на илузија на простор со големи и мали форми, ниту прикажување на илузија на простор со преклопување на форми.

Перцепцијата е насочена кон анализа на површините во околината, што е основа за разбирање и креирање на композиции со украсни форми. Овој ликовен тип на дете е насочен кон декоративно изразување, па во неговите творби најчесто се јавуваат орнаменти и арабески.

Линиите ги користи како контурни за цртање на дводимензионални форми. Боите се особено важни во одредување на декоративната површина. Цртежот е прецизен,

аналитички смислен и колористички одреден во однос на целината.

Светот на овој ликовен тип на дете е свет на применетата уметност, односно на различни видови на дизајн. Понекогаш неговите цртежи содржат односи на форми кои се често се повторуваат во различни цртежи.

За да се стимулира неговата ликовна креација, добро е да се запознава со декоративни форми од различни култури и различни историски стилови. Освен цртање со молив, фломастер, дрвени бои, во развојот на неговиот израз може успешно да влијаат и други ликовни техники како пастел, колаж, витраж, сликање со темперни бои, акварел...










# МЕТОДСКО-ДИДАКТИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВА ПО ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Методиката на ликовно образование е научна дисциплина која има свои посебни карактеристики и специфичности. Некои од методско-дидактичките инструменти се соодветни и слични со оние кои се имплементираат во реализација на другите предметни области, но има и одредени кои се специфични само за реализација и култивирање на ликовниот израз на учениците.

За имплементација адекватна со современите стандарди и во склад со развојните карактеристики на учениците, потребно е наставникот да ги почитува и користи одредените методички начела во реализација на наставата, со кои ќе овозможи современ, стручно и креативно воден процес на ликовно образование. Основните параметри кои ова го овозможуваат се познавањето на:

► **Специфичностите** на наставата по ликовно образование

► **Принципите** на наставата по ликовно образование

► **Формите** на работа во наставата по ликовно образование

► **Методите** на работа во настава по ликовно образование

## Специфичности на наставата по ликовно образование

Секоја предметна област има свои особености и карактеристики по кои се разликува од другите области.

1. **Развивање на способноста за воочување, доживување, создавање и проценување на убавото,** Хусковиќ (2013):

Основна и најважна карактеристика на ликовното обрзование е најтесно поврзана со поимот за убавото. Таа е основа за естетскиот развој и претставува комплексна активност која се состои од неколку степени на развивање на способностите кај учениците:

- воочување,
- доживување,
- создавање и
- проценување на убавото.

Стекнување и развивање на активната перцепција за препознавање на визуелната убавина во природата и во ликовните дела е поврзана со емоционалниорт развој и со когнитивниот развој на учениците. Од исклучително значење е средината која треба да ги поттикне учениците да се чувствуваат пријатно во контакт со ликвните дела и на тој начин да ги разберат и да ги усвојат вредностите кои се во нив презентирани.

Следна фаза е раѓање и поттикнување на потребата за создавање ликовни дела, која оди паралелно со развој на способностите за процена на убавото. Развивање на сопствен естетски вкус е процес кој трае подолг период, но во првите години на основното образование е потребно да се постават темелите на криотериумите кои ќе се градат понатаму во животот.

Кога станува збор за способноста за создавање на убавото, Хусковиќ (2013) наведува дека творечкото подрачје е едно од најзначајните подрачја на личноста, па затоа е потребно да се

поттикнува креативноста, оригиналноста, работните навики и запознавањето со различи ликовни материјали и техники.

2. **Ликовната активност како специфичен работен процес,** Ордев (2004).

За разлика од другите предметни области во кои за методичко осмислување неопходна е поделбата на часовите според одреден тип (воведен час, обработка на нова содржина, час за вежбање, за повторување, за утврдување, комбиниран час, час за проверување на знењата - усно или писмено, за пренесување на ново знаење, за развивање на спосбности и вештини), во ликовното образовние часовите секогаш вклучуваат запознавање со содржина и практична реализација. Само теоретското проверување (усно или писмено) на наставната содржина не е доволен показател за совладување на содржината која е предвидена, туку е неопходна и нејзина практична реализација.

Само во ликовните дела на учениците може најјасно да се процени дали:

- наставната содржина е разбрана,
- во кој степен,
- дали е разбрана ликовната техника,
- во која мера се развиени техничките способности за нејзина реализација,
- дали е употребен поставениот мотив и
- кое ниво на креативност е постигнато.

Овие сложени методски анализи се неопходни во реализација на секој час по ликовно образование, па поради тоа ликовната активност претставува специфичен работен процес.

Основна форма на работа која е најважна карактеристика на часовите по ликовно образование е индивидуалната форма на работа, бидејќи преку неа најдобро се проценуваат знаењата и постигнувањата на секој ученик.

Комплексноста во проценување на успешноста на учениците во ликовното изразување и ликовното разбирање, како и во проценување на ликовната писменост на секој ученик може да се постигне преку овој облик на работа.

### 3. Синтеза на емоции и разум

За адекватно разбирање на содржините кои се обработуваат на часовите од предметот ликовно образование не е доволно да се активира само интелектуалната компонента на личноста на ученикот.

Уметничката активност е специфична комбинација на разум, емоција, интуиција, активна перцепција и креативна експресија.

Сите овие поодделни различни компоненти на личноста на секој ученик се активираат со стимулирање во различен степен и различна комбинација на секој час од ликовно образование.

Неопходно е наставникот да познава широк спектар на дидактички компоненти и методички постапки за најдобро потттикнување на креатовност на секој ученик пооделно.

### 4. Доверба и почитување

Довербата во наставникот е една од најважните карактеристики на секој наставен процес, директно поврзана со мотивираноста и вољата за учење.

Довербата е од исклучително значење на часовите по ликовно, кога нема едно и единствено решение на задачата што е поставена за сите ученици, туку е важен индивидуален пристап и креативно решение на секој ученик. Во ваква поставеност на односите, наставникот треба точно да ги постави стандардите и критериумите за оценување, за да може индивидуалната корекција на работата на секој ученик да биде разбирлива и јасна за сите.

Основа за стекнување на доверба се:

- правичност,

- непристрасност,
- исти критериуми во оценувањето.

Тие се основните елементи кои создаваат атмосфера полна со разбирање, релаксираност и концентрација во пристапот, исполнетост и задоволство во реализацијата на различните ликовни техники и ликовни подрачја.

Радоста на создавање кај учениците, желбата за откривање на нови ликовни техники и начини на претставување на своите идеи е можно да се поттикне со искрен, професионален и доследен однос на наставникот.

5. **Развивање на имагинација и критичко мислење** (Eisner, 2002)

Уметничкиот пристап во ликовното образование им овозможува на учениците да согледаат дека проблемите и задаите имаат повеќе од едно решение. Преку употреба на ликовните елементи и начини нан нивна организација, ликовното образование овозможува да се претстават идеи, мисли, ставови кои не се претставуваат со зборови. На тој начин и посетилниот капацитет на личноста на детето се развива со почит кон емоциите и креативноста.

Ликовното образование ги поттикнува учениците да ги користат, анализираат и учат од своите секојдневни искустава, така што својот став кон нив ќе го претстваат преку ликовен јазиј, ликовни материјали и техники.

Потребата да се овозможи фокус кон внатрешниот свет на секој ученик, овозможува поттикнување на слободен и имагинативен ликовен израз.

## Принципи во реализација на наставата по предметот ликовно образование

Принципи на наставата се општи правила кои треба да се почитуваат во планирањето и во реализацијата на секоја ликовна активност.

Овие начела за реализација на наставниот процес во ликовно образование се дефинирани врз основа на научни сознанија за начините на реализација на процесите на перцепција, препознавање, разбирање, паметење, учење и организирање на податоците. Со нивна правилна употреба се овозможува поттикнување како на когнитивните процеси како: анализа, синтеза, апстракција, индукција, дедукција, редефиниција, така и на моторичките способности во реализација на голем број на ликовни техники.

Во реализација на принципите на наставата по ликовно образование, особено е важно да се разбере:

- како ќе се процени нивната адекватна примена,
- како ќе го процениме квалитетот на содржиние и средствата за работа,
- како ќе се процени интересот и активноста на учениците итн.

Основни принципи во реализација на ликовното образование се:

1. Квалитет на содржини и средства за работа
2. Свесност и активност
3. Воспитна насоченост
4. Интерес и доживување -одмереност според возраста и способностите на учениците
5. Систематичност и постапност
6. Очигледност
7. Егземпларност




- **Квалитет на содржини и средства за работа**

Овој принцип се однесува на користење квалитетни воспитно-образовни содржини, односно содржини кои за одредената предметна област се дефинирани во Наставниот план и Наставната програма за соодветна возраст. Погрешно и непрофесионално е на часовите од еден предмет да се реализараат предметни содржини од друга област како главни

(на пример, наместо наставната содржина „Основни бои“, да се реализира само мотивот „пролет“, које е содржина во друга предметна област).

Квалитетот на содржини подразбира и користење на нагледни средства со потврден естетски квалитет – ликовни уметнички дела, цртани филмови, музика како илустрација или мотивација на потврдени автори. Потребно е да се избегнуваат содржини кои имаат низок или непотврден ликовен квалитет (како на пример кич слики, дизајн, сликовници, предмети). Само со правилно реализрање на наставната содржина ќе се овозможи квалитетен воспитно-образовен процес. Квалитетот на средствата за работа, односно на материјалите кои се користат во реализација на одредена ликовна техника е основен услов за добивање на кавалитетни ликовни решенија.

- **Свесност и активност**

Неопходна компонента за усвојување на наставната содржина, за реализација на ликовната техника, за стекнување на потреба за креативно ликовно изразување.

За успешна активност на наставникот, потребно е негово правилнио проценување на свесноста и активноста на децата во сите делови на часот. Тоа се согледува со започнување на разговор со децата, проверка да ли ги следат упатствата на наставникот, дали ги реализираат задачите, колку им се јасни делови од наставната целина ( потребно е да се проверува постојано и постапно) и секако целината на наставната содржина ( дали е реализирана задачата).

Имплементација на овој ликовен принцип овозможува децата да станат свесни за огромните можности на креативен ликовен израз, за можностите на презентација на сопствените идеи, за правилно и слободно користење на ликовните техники, со што се потврдува основната карактеристика на ликовното творештво – свесна и насочена активност на уметникот.

Свесната активна реазлизација на поставената ликовна задача значи дека ликовниот проблем е разбран, правилно поставен, со јасно претставени начини на негово решавање.

- **Воспитно-едукативен развој**

Принципот кој се однесува на обезбедување на воспитно – едукативен воспитен развој на ликовните содржини е тесно поврзан со принципот на квалитет на содржини и средства за работа. Поттикнување на упорноста, трудољубивоста, љубопитноста, желбата за иновација и креативност се основните каркатеристики на секој добро осмислен образовен процес. Тие ја градат личноста на учениците со квалитетни, позитивни особини и ставови кои се важно аво процесот на формирање на личноста на учениците. Емаптичен и другарски однос кон другите ученици, почитување на нивната работа и ставови се особено важни сегменти во реализација на практичната работа на секој час по ликовно образование. Соочување со сопствените грешки и обиди за нивно решавање, како и слободата во барање на нови и оригинални решенија се одлична основа за развој во сите други сегменти во животот. Реализација на овие сегменти е одлична основа за спречување на кичот, имитациите и копирање на туѓи готови решенија, кои во ликовната уметност се особено значајни.

Воспитна карактеристика претставува и внимателниот однос кон ликовните материјали, нивно соодветно користење, средување на работниот простор после завршување на активностите и сл.

- **Интерес и мотивација**

Ликовните творби се првите облици на изразување на секое дете. Тие се спонтано, природно и слободно покажување на сопствените мисли и состојби во сите фази од развој на детската личност. Интересот за ликовните активности во раната детска возраст е воден од потребата за комуникација, како и од

потребата за активност и естетика. Овозможува презентација на емоции, ставови, согледувања, на невербален, сликовен начин, кој е директен и специфичен за секоја личност.

Со тек на растењето, се зголемувааат начините на комуникација, таа станува покомплексна и посодржајна. Како и сите други форми на писменост (лингвистичка, математичка, музичка ....), така и ликовната писменост за да овозможи комуникација на повисоко ниво, потребно е да се продлабочува и интензивира, што подразбира натамошен свесен напор за решавање на одредени задачи.

Интересот за совладување на предизвици во визуелната област, е во тесна поврзаност со доживувањето на поставените ликовни задачи. За да бидат децата комотни во ликовната сфера, да се чувствуваат пријатно и мотивирано, неопходно е наставикот да ги презентира ликовните содржини на начин кој предизвикува интерес.

Еден од подобрите начини за поттикнување на занимање за одреден ликовен проблем е поврзаност на ликовните задачи со светот на детето, со неговата околина, со ликови од приказните и цртаните филмови, со животни ситуации во кои детето најчесто се наоѓа.

Играта како начин да се предизвика интерес за ликовната активност е секогаш добредојдена. Различните игри овозможуваат забавно и пријатно фокусирање на саканиот ликовен елемент или принцип, кој всушност претставува наставна содржина.

Умешноста на наставникот и неговата креативност се пресудни во правилно осмислување и одбирање на игри во ликовната активност. Игрите на препознавање, активна перцепција, тактилна перцепција, меморија кои се одвиваат во непосредната околина, се значајни како и игрите кои се претставени во дигитална форма. Компјутерските игри, компјутерските програми за цртање, апликациите на мобилни телефони се достапни за децата од најрана возраст, а со нивното лесно користење претставуваат одлични средства преку кои може да се реализира ликовна едукација, која ќе биде забавна, инстантна и ефикасна.

Со користење на игрите во ликовните задачи, се поттикнува важен сегмент од креативниот процес, од имагинативноста и фантазијата, потребата од барање на нови решеија, компетитивноста и оригиналноста. Кога веќе ќе се постигне начин на функционирање на детската личност со овие карактеристики, тие стануваат составен дел од растењето и начин на сознавање и делување во светот и во останатите периоди од животот.

Децата преку игрите стануваат поотворени за нови сознанија и искуства, го развиваат ликовниот израз и ликовниот вкус како свој постојан интерес и начин на комуникација.

- **Прилагоденост на содржините според возраста на учениците**

Возраста на учениците е важен фактор во одредување на целите и задачите кои треба да се постигнат. И покрај тоа што секој ученик има свои индивидуални психо-физички карактеристики, сепак заедничките особености на возраста и на развојното ниво определуваат прецизни содржини кои треба да бидат усвоени, а кои се различни за секоја возраст.

Клучен фактор во проценување на способностите на учениците е познавањето на фазите на детскиот ликовен израз, како во предучилишна, така и во училишна возраст. Наставните програми веќе во себе вклучуваат распределба во однос на карактеристиките на секоја поодделна возраст, но секоја група на деца, содржат различни карактеристики кои треба да се почитуваат во тек на планирањето на наставните содржини. На пример, на почеток на учебната година, способностите на учениците се соодветни за возраста која е помала од возраста на истите ученици на крај на учебната година.

Во поставувањето на ликовните задачи, секогаш треба да се има предвид тежината и сложеноста, како во поставување на ликовниот проблем, така и во однос на ликовната техника. Во

целиот период во рамките од една учебна година, неопходно е да се види промена во способностите кои учениците ги стекнуваат, како во однос на развивање на активната перцепција, така и во однос на способностите кои се однесуват на техничка реализација на веќе познатите и на новите ликовни техники.

Сликањето со темперни бои кои се усвојува уште од предучилишна возраст, се применува во сите следни години од воспитно – образовниот процес. Соодветно и техниките на моделирање и обликување, цртачките и графичките техники треба да бидат осмислени во склад со тековните способности на учениците, но и да овозможат развој, нивно унапредување и усовршување.

Правилно користење на методичките постапки треба да биде испланирано во корелација со очекуваните резултати од секоја активност. Целта е знаењето и искуството на наставникот во директната комуникација со децата да овозможи рамнотежа во тежината на задачата и можноста за нејзино разбирање од страна на децата. Но за да се има превид и развојната компонента на едукацијата, секогаш е потребно задачата да биде за нијанса над тековните способности на учениците, но во мера која овозможува нивно мотивирање за работа, ќе поттикне интерес и доживување.

Задачите секогаш треба да бидат во склад со когнитивните, моторички и сознајни карактеристики на децата. Со поставување на познати задачи кои се веќе реализирани на сличен начин, без имагинација во поставување на ликовниот проблем од страна на наставникот, детето губи интерес за ликовната активност, таа веќе не е предизвик. Спротивно, со преценување на возраста и способностите на учениците се поставуваат претешки задачи, кои ги соочуваат децата со нивнта неспособност за се разбере и реши ликовниот проблем, поради што доаѓа до обесхрабрување и одбивање да се посветат на ликовната област.

За да се избегнат во потполност вакви несакани последици, неопходно е одмерено поставување на наставните содржини кои стимулираат слободно, искрено ликовно изразување на идеите на учениците.

- **Систематичност и постапност**

Во годишното планирање, за правилно распределување на наставните содржини, неопходно е почитувањето на принципот на систематичност и постапност.

Ликовните наставни содржини се конципирани да овозможат стекнување на знаење, но и вештини и способности. Правилна организација на сите содржини кои се реализраат во одреден временски период, секогаш треба да биде осмислена во почитување на одредени насоки : од познато – кон непознато, од полесно – кон потешко, од едноставно - кон посложено.

Оваа организација на микро ниво се однесува и во водење на секој час, односно ликовна активност. Содржините на почетокот на часот е потребно да бидат познати, поедноставни и полесни, од оние кои потоа се презентираат. Поради тоа организирањето на содржините во систем кој овозможува постапно усложнување води кон освојување на нови области на знаење на најубав и најлесен начин.

Развојот на перцептивните и моторичките способности, фантазијата, стимулирање на меморијата и интересот за ликовното изразување, потребно е да се развиваат со секоја следна година. На тој начин во детските животи ликовната, невербална активност станува составен дел од секојдневието, го збогатува, облагородува и унапредува.

- **Очигледност**

Најголемите педагози во историјата, како Русо, Коменски се залагале за очигледност во процесот на едукација во сите

области „она што може да се види – да се види, она што може да се чуе - да се чуе......“.

Процесот на ликовна едукација подразбира користење на активна перцепција и фина моторика во реализација на ликовните задачи. Огромното богатство на визуелни информации овозможува широко поле на активности и ликовни содржини, ликовните елементи и ликовни принципи, различни ликовни техники и мотиви. Многу често за комплетно разбирање на ликовните дела, освен сетилото за вид, неопходно е користење и на другите сетила со што се овозможува наставната содржина да биде уверлива и да стане јасна. Во себе освен сетилото за вид вклучува и користење на сетило за допир, за мирис и слух, го вклучува движењето и разбирањето на пораката во ликовните дела.

Современите уметнички стилови овозможуваат креирање на комплексни ликовни дела, што пренесуваат пораки и при тоа користат различни можности за експресија.

- **Егземпларност**

Принципот на егземпларност подразбира користење на ликовни примери, со кои се претставува ликовниот однос кој се обработува на часот. Кога во ликовните активности се користат визуелни наставни средства како репродукции на уметнички дела, фотографии, филмови, цртани филмови, реклами, примери на цртежи, скулптури, слики, видеа неопходно е да се внимава и на квалитетот во нивниот избор.

Секој пример кој ќе им биде претставен на учениците треба да биде одбран со посебно внимание – не само да одговара на нивната возраст, туку во потполност да го објаснува ликовниот елемент или принцип, како и ликовната техника. Во изборот на ликовни дела кои ќе се користат како примери, односно нагледни средства, се проектира и познавањето и професионалното ниво на наставникот.

Примерите треба да се достапни за перцепција, да се анализираат вербално од наставникот, како и да се овозможи

учениците да ги препознаат и објаснат претставените ликовни односи.

Со користење на дигиталната технологија, егземпларноста како принцип е наједноставно да се реализира, бидејќи можностите за пристап до различни визуелни материјали се огромни.

Во користење на примери е особено важно да се поттикнува желбата за сопствена слобода во изразувањето.

Примерите се користат со цел да се укаже на огромните можности за креативно и имагинативно толкување и размислување на ликовната задача и за начините на нејзино решавање.

Од најголема важност е да се употребуваат ликовни примери со потврдена висока вредност. Секоја употреба на нецелосни решенија, ликовни дела со слаб квалитет како во однос на избор на мотив, идеја, а особено во однос на реализација на ликовните техники, создава погрешна слика кај учениците за разбирањето на процесот на создавање. Ликовното ниво кое треба да се постигне во голема мера е условено од идеалот, односно примерите кои наставникот ќе ги искористи во објаснување и илустрирање на содржината.

Наставникот има обврска да им овозможи на учениците пристап до најквалитетните ликовни дела кои се достапни за разбирање во соодветната возраст.

## Форми на работа во наставата по ликовно образование

Формите на работа во ликовното образование се идентични со основните форми на работа во сите други наставни предмети. Тоа се:

- ► Индивидуална форма на работа
- ► Групна форма на работа
- ► Фронтална форма на работа

На секој час по ликовно образование се користат сите форми на работа, но со различен редослед и различно времетраење во зависност од наставната содржина и конципираноста на самата активност од страна на наставникот. Фронталната форма на работа се реализира од страна на наставникот, а индивидуалната, групната и работа во парови се реализираат со учениците во зависност од инструкциите кои ги дава наставникот.

## Методи на работа

## во наставата по ликовно образование

1. **Метод на усно излагање** ( воведен дел, емоционална подготовка, објаснување на наставната содржина, евалуација на ликовните творби).
2. **Метод на разговор** ( во објаснување на наставната содржина, проверување на знаењето, повторување на знаењето, евалуација на учениците).

3. **Метод на работа по текст** ( метод на илустрација – приказна, песна, музика, расказ, ликовни дела, фотографии, цртан филм, презентација...).
4. **Метод на демонстрирање** ( објаснување и покажување на ликовните техники, на начини на добивање на боите, реализација на илузија или имитација на текстура, тродимензионално обликување и моделирање...)
5. **Метод на практична работа** ( реализација на ликовните техники).
6. **Метод на игра** ( запознавање и усвојување на наставната содржина со користење на различни техники на активирање на повеќе сензорни способности кај учениците –визуелни, тактилни, аудитивни):
   - стимулирање на активна перцепција со игра во која се погодуваат промените на поставеноста на предметите во училницата,
   - сликање и цртање со прсти,
   - откривање и опишување на текстура на непознат предмет кој само се допира, без да се види,
   - цртање со дување во сламка,
   - печатење со природни материјали и погодување врз асоцијација,
   - обликување со природни материјали и натпревар во број на искористени текстури,
   - рекомпозиција на нов цртеж од неколку веќе реализирани постари цртежи....

## Современи методи во реализација на наставата по ликовно образование/воспитание

Освен стандардните добро познати методи, за реализација на современ наставен процес по ликовно

образование/воспитание, во современи услови се користат и други методи.

Наставата по предметот „Ликовно образование/воспитание“ овозможува креативна употреба како на познатите, така и на нови методи.

**Бура на идеи**

Наставникот може да го користи методот на „Бура на идеи“ како стратегија за размислување која ќе им помогне на учениците да развиваат прашања, идеи и различни примери, како и да ја испитаат централната идеја околу поставената задача. Во тек на реализација на овој метод, учениците ги споделуваат идеите кои им паѓаат на памет и ги запишуваат без да бидат критички насочени кон нив.

Наставникот може преку овој метод да процени што учениците веќе знаат и да одреди насоки за учење и рефлексија на знаењето. „Бура на идеи“ го стимулира флексибилното мислење и ги унапредува способностите за решавање на проблеми.

**Кооперативно учење**

Овој метод им овозможува на учениците да работат во група како тим за да реализираат одредена задача. После завршената заедничка активност, особено важен аспект е - еден член на групата да анализира како групата функционирала, колку придонел во реализацијата секој член одделно и во кој аспект. За да се олесни донесувањето на вакви заклучоци може да се употребат забелешки од текот на реализација, чек листи за самоевалуација на учесниците и др.

Преку ваква самоевалуација се поттикнува самокритичност, се согледуваат пропустите и добрите страни, се избегнува стравот од признавање на грешка, се акумулира сила за позитивно соочување со други предизвици.

## Дискусија

Дискусијата е стратегија во која учениците ги презентираат своите размислувања, одговараат на идеите на другите ученици и го артикулираат својот став во комуникација со останатите ученици и со наставникот.

Во дискусиите често се спротивставуваат мислења, но и се расчистуваат одредени ставови и потврдуваат или негираат информации. Главниот фокус се става на разговор и слушање на мислењето на другите, со презентирање на своите идеи колку и да се различни или спротивни на останатите. Објаснувањето на сопствените идеи секогаш треба да е придружено со рационална аргументација.

Како друг облик на овој метод често се смета и конференцската комуникација ученици-наставник, во тек на која учениците разговараат за својот напредок, се осврнуваат на проблемите и решенијата, укажуваат на јаките страни и на деловите кои и понатаму може да се унапредуваат. Овој метод бара атмосфера на поддршка, отворена дискусија и поголем степен на доверба помеѓу учесниците.

На овој начин наставникот има можност да ги насочува и поддржува учениците во презентација на нивното учење преку дискусија, анализа на скици и портфолио (збир на реализирани ликовни активности).

## Фокусирано истражување

Ова е метод на инструкција во кој учениците користат материјали и ликовни техники, делумно водени од наставникот. Тој треба да ги почитува и поттикнува идеите за истражување на учениците, но и да помага со совет, објаснување, како и да обезбеди постапно водење во реализација на активноста. На почеток на активноста се поставува проблемот на истражување

после што наставникот може со серија на прашања да поттикне подлабоко размислување и да воведе нови поими.

Наставникот може да одреди кои знаења или способности треба да се стекнат и да ги води учениците во нивна реализација. Процесот треба да се повторува сѐ додека учениците на го достигнат саканото ниво на знаења и вештини. Овој метод е особено корисен кога треба да се стекнат нови перцептивни, когнитивни или технички способности што треба да се развијат постапно.

**Слободно истражување**

Оваа инструкциска активност треба да е иницирана од учениците, кои слободно ги користат достапните материјали во училницата. Наставникот ја опсервира активноста и ги слуша разговорите на учениците, разговара со нив, но не го води истражувањето. Може да им дозволи различен, често нестандарден начин на употреба на материјалите, доколку тоа е идеа на учениците. Тие треба да знаат дека се работи за експериментален и слободен креативен однос кон употреба на ликовните материјали и техники.

Експериментирањето е централно во ликовните уметности и често се користи за создавање врски помеѓу конкретното и апстракното. Експериментирањето бара учениците да испитуваат, тестираат, користат материјали во контекст на решение за употреба на елементите и принципите на ликовниот јазик, покрај ликовните техники.

Експериментирањето им овозможува на учениците да развиваат социјални вештини на интеракција и комуникација. Овој метод овозможува потикнување на мотивацијата, разбирањето и активното вклучување во ликовна активност на сите ученици.

### Сложувалка

Сложувалка е активност наменета за учење во група. Првин целото одделение се дели на помали групи, а потоа секој член на групата добива задача да научи сегмент, дел од одредена активност.

Секој член на поединечната група има дел од активноста, а сите заедно ја комплетираат целата задача ( некој има сегмент од воведот во теоретскиот дел, друг ги дефинира поимите, трет ја објаснува техничката реализација..). Заедно, членовите на групите кои имаат иста задача го совладуваат својот дел, а потоа се враќаат во групите и ги поучуваат членовите на својата група. Оваа активност ги насочува учениците да прифатат еднаква одговорност кон учењето на другите и остварување на зададените цели.

### Латерално мислење

Овој процес на учење прв пат е опишан од Едвард ди Боно, кој препознал дека умот може да добива сознанија од повеќе агли и во однос на тоа да генерира разчични креативни идеи за една ликовна задача.

Латералното мислење вклучува согледување на проблемот од повеќе точки на гледање, со често прекинување на поврзаноста на елементите и со рекомбинација во нова содржина.

Развивањето на вештини на латерално мислење доведува до разбирање на позитивните и негативните аспекти на понудените решенија.

# ПЛАНИРАЊЕ ВО ЛИКОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Детална и студиозна подготовка е неопходна за реализација на процесот на едукација во ликовно образование. Подготовката се одвива во повеќе фази и само ако е добро реализирана овозможува квалитена и креативна настава.

Основни параметри кои ја содржат базата за учење и поучување се:

- познавањето на ликовниот јазик (ликовните елементи и ликовните принципи),
- позанавање и владеење со ликовните техники,
- познавање на ликовните подрачја и
- методичките стратегии за нивно користење во соодветна возраст.

Секој добар наставник по ликовно образование потребно е од воспитна гледна точка, свесноста за индивидуалните каркатеристики на учениците, нивоата на креативност, заштита од кич, стереотипи и шаблони да ги имплементира во својата секојдневна работа.

Методиката на ликовно образование се заснова на познавањето на статистички просечните интелектуални, сознајни, емоционални, технички способности на учениците од одредена возраст, но во практичната реализаицја, секое одделение претставува претставува посебен пример и бара специфична подготовка. Секојдневното реализирање на наставните содржини на што е можно подобар начин, е креативен предизвик за секој наставник по ликовно образование.

Основните документи чија содржина е потребно да се реализира се:

1. **наставниот план и**
2. **наставната програма** по ликовно образование.

Овие документи се поврзани и претставуваат презентација на целосниот концепт на едукативен процес од одредената предметна област.

**Наставен план** е службен документ кој ги дефинира предметите кои се изучуваат во одредената возраст и во одреден вид на образование - деветгодишно основно образование, основно музичко и балетско образование, образование на деца со посебни потреби, гимназиско образование, итн. Во него е наведено времето потребно за реализација на секој предмет низ одреден годишен фонд на часови. Од него, предвидениот број на часови се дели во однос на бројот на работни седмици во тек на една година, за да се добие неделниот фонд на часови по одреден наставен предмет.

**Наставна програма** претставува детално претставување на поединечните предмети за одредена возраст/одделение (секој предмет има своја програма). Во неа се дефинирани:

- **општите цели** на предметот во соодветно одделение (прво, второ, трето, четвро, петто)
- **конкретните цели** кои се поделени според ликовни подрачја (цртање, сликање, моделирање и обликување, графика, дизајн и визуелни комуникации)
- за секое ликовно подрачје одредени се:
  1. **ориентациониот број на часови**
  2. **целите, содржините, поимите и методите** кои треба да се реализираат

  Наставната програма ги содржи елементите што треба да се спроведат во реализирањето на наставниот план. Овие два државни документи ги содржат концептите и структурата на одредениот предмет, но деталите околу нивнта реализација треба да се осмислат преку реализација на годишно, глобално и дневно планирање на наставниот процес.

## ГЛОБАЛНО ПЛАНИРАЊЕ

Овој вид на планирање се однесува на распределбата на наставните содржини во однос на ликовните подрачја: цртање, сликање, обликување, моделирање, печатење, визуелни комуникации и дизајн. Основа е точно и прецизно определување на наставната содржина - ликовните елементи или принципи. За правилно организирање на глобалното планирање, потребно е да се користат информации од наставниот план и од наставната програма за соодветното одделение. Глобално планирање вклучува: 1. Програмска целина ( ликовно подрачје), 2. Наставна единица, 3. Наставна тема, 4. Ликовно-технички средства, 5. Ликовна активност. 6. Мотив

| **ред. број** | **програмскаа целина** | **наставна единица** | **настав. тема** | **ликовно технички средства** | **лик. актив ност** | **мотив** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | цртање | различни линии | линија | молив | површина со дебели и тени линии | дрво со гранки |
| 2. | цртање | слични линии | линија | молив | перцепц. и копирање на текстура | без мотив |
| 3. | цртање | различни линии | линија | темперни бои | површина со верт. и хориз. линии со различна дебелина | дизајн на текстил |
| 4. | цртање | ориент. во простор | простор | молив | перцепц. на движење | движ. по пат |

1а. Пример за глобално планирање од **ликовното подрачје - цртање**

ГЛОБАЛНО ПЛАНИРАЊЕ

| РЕДЕН БРОЈ | ПРОГРАМСКА ЦЕЛИНА (ликовно подрачје) | НАСТАВНА ЕДИНИЦА | НАСТАВНА ТЕМА | ЛИКОВНО-ТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА | ЛИКОВНА АКТИВНОСТ | МОТИВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | СЛИКАЊЕ | Примарни бои | Боја | Темперни бои | Дефинирање на примарни и секундарни бои со капење на сува и водена подлога | Честитка за 8 март |
| 2 | СЛИКАЊЕ | Примарни бои | Боја | колаж | Дефинирање на примарни и секундарни бои | По избор |
| 3 | СЛИКАЊЕ | Асоцијација на форма | Боја | гваш | Обликување на случајни форми и довршување по асоцијација | На што ми личи ова? |
| 4 | СЛИКАЊЕ | Текстура со боја | текстура | темпера | Имитација на текстура со боја | Тектура по избор |

1б. Пример за глобално планирање од **ликовното подрачје - сликање**

ГЛОБАЛНО ПЛАНИРАЊЕ

| РЕДЕН БРОЈ | ПРОГРАМСКА ЦЕЛИНА (ликовно подрачје) | НАСТАВНА ЕДИНИЦА | НАСТАВНА ТЕМА | ЛИКОВНО-ТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА | ЛИКОВНА АКТИВНОСТ | МОТИВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Моделирање и обликување | Аглеста и тркалезна форма | форма | глина | Перцепција и обликување на аглеста и тркалезна форма | Без мотив |
| 2 | Моделирање и обликување | Едноставна и сложена форма | форма | глина | Перцепција и обликување на едноставна и сложена форма | Зеленчук Овош је |
| 3 | Моделирање и обликување | Разновидност на форми | форма | / | Визуелна и тактилна перцепција на форма | |
| 4 | Моделирање и обликување | Контраст на текстури | текстура | хартија | Перцепција и обликување на различни површини со гужвање, превиткување, перфорирање | Без мотив |

1в. Пример за глобално планирање од **ликовното подрачје – моделирање и обликување**

Во овој вид на планирање се препознава вистинската способност на наставникот по ликовно образование за препознавање и одредување на наставните содржини врз основа на предвидената програма за одредена возраст.

Цел на планирањето е распоред на ликовните подрачја (програмски целини), па поради тоа се тргнува од наставната програма која е исто така поделена според ликовни подрачја. Истата поделба на почеток ја има и во ова планирање ( цртање, сликање,

обликување, моделирање, печатење, визуелни комуникации и дизајн).

Во рамките на секое подрачје во програмата се наведени содржините, поимите и активностите од кои треба да се дефинира наставна содржина. Таа секогаш е во склад со темата која е ликовен елемент или ликовен принцип. Така ако во програмата е запишано:

- под ликовното подрачје - цртање, поими – видови на линиии, тогаш во глобалното планирање ќе запишеме: програмска целина (ликовно подрачје) – **цртање**, наставна единица- **видови на линиии**, наставна тема – **линија**, ликовно-технички средства - **молив**, ликовна активност **– форма со дебели и тенки линии**, мотив ( по избор – дрва со гранки, животно по фантазија….).

- под ликовното подрачје - сликање, поими – топли и ладни бои, тогаш во глобалното планирање ќе запишеме програмска целина (ликовно подрачје) – **сликање**, наставна единица - **топли и ладни бои**, наставна тема – **боја**, ликовно-технички средства - **темперни бои**, ликовна активност – **сликање на простор со топли и ладни бои**, мотив ( по избор – пејзаж, или внатрешен простор….).

- соодветна активност се предвидува и за другите ликовни подрачја, се додека не се обработи потребниот број на наставни содржини во склад со фондот на часови предвивен во наставниот план.

# ГОДИШНО ПЛАНИРАЊЕ

Овој вид на планирање се однесува на точното распределување на наставните содржини одредени во глобалното планирање во **точен месец и ден** (се одредува датум на реализација). Во него е потребно да се наведат и **дидактичките форми и методи** кои ќе се применат, **наставните средства**, како и **корелација** со други наставни предмети или области и наведување на **компаративен материјал**.

Годишно планирање:

1. **Недела, месец**
2. **Програмска целина**
3. **Наставна единица**
4. **Наставна тема**
5. **Ликовно-технички средства**
6. **Форми и методи на работа**
7. **Наставни средства**
8. **Ликовна активност**
10. **Мотив**

11. **Корелација**
12. **Компаративен материјал**

Неопходно е во одредување на наставните содржини со дефиниран датум за реализација да се согледа целината на наставните програми по сите предмети. Важно е ликовното образование да се реализира како дел од целината на комплетниот воспитно-образовен процес во тек на целата година. Стекнувањето на знаења треба да биде еден интегриран, холистички процес, па е потребно да постои логично поврзување и корелација со содржини, мотиви или постапки со другите предметни област.

| ДАТУМ | ПРОГРАМСКА ЦЕЛИНА (ликовно подрачје) | НАСТАВНА ЕДИНИЦА | НАСТАВНА ТЕМА | ЛИКОВНО-ТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА | ФОРМИ И МЕТОДИ НА РАБОТА | ЛИКОВНА АКТИВНОСТ | НАСТАВНИ СРЕДСТВА | МОТИВ | КОРЕЛАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. 9 | ЦРТАЊЕ | Видови на линија | линија | молив | Фронтална Индивидуална ………… Практична работа Демонстр. Игра | Цртање на права, крива, дебела и тенка линија | Цртежи со молив на Ван Гог Линии во околината | Дрво со гранки | Математ. Природни |
| 10.9 | ЦРТАЊЕ | Текстурни и контурни линии | Текстура | молив | Фронт. Индив. ------------ Практична работа Демонстр. Игра | Перцепција и копирање на текстура | Различни површини во училница и училишен двор | Без мотив | Природни науки |
| 17.9 | СЛИКАЊЕ | Примарни бои | Боја | Колаж | Фронт. Индив. ------------ Практична работа Демонстр. Игра | Сликање со примарни бои | Освалдов круг на бои Репродукции од ликовни дела со примарни бои | Балони Геометр. форми | Музика Поезија Математ. |
| 24.9 | МОДЕЛИРАЊЕ И ОБЛИКУВАЊЕ | Едноставна и сложена форма | Форма | Глина | Фронт. Индив. ------------ Практична работа Демонстр. | Перцепција и обликување на едноставна и сложена форма | Предмети со различна форма | Зеленчук Овошје | Математ. Природни науки |

2а. Пример на годишно планирање - планирање за еден месец

# ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ

Овој вид на планирање содржи најдетални информации за карактеристиките, структурата и текот на секој час.

Одредување на наставната содржина е најважна карактеристика за квалитетна реализација на ликовните активности.

Во пракса наместо наставна содржина која потекнува од ликовнииот јазик и ги обработува ликовните елементи и принципи, наведена и во наставните програми, често се обработува мотив (пролет, лето, роденден, излет...) како наставна соджина, што никако не смее да се случи. Секоја предметна област има своја сфера на интерес и проучување, а во предметот ликовно образование, тоа се стекнување на ликовна писменост, способност за ликовно изразување и ликовна култура. Наведените мотиви се наставни содржини од други предмети, но не и од предметот ликовно образование. На тој начин активноста на учениците се сведува на проста илустрација, без усвојување на нови ликовни знаења, без поттикнување на техничко усовршување. Вака поставен проблемот на час никако не е ликовен и не е во склад со обврската на наставникот да реализира содржини од соодветниот предмет ( точка, линија, градација, ритам.....).

За да не се погреши, во дневната подготовка е потребно да се наведат целите и задачите на наставната активност:

- **Стекнување на знаења** – се однесува на стекнување на поим, усвојување, препознавање, разбирање и примена на ликовните елементи и принципи во реализација на ликовни решенија, како и стекнување на знаења за ликовните дела од светското националното и светското културно наследство.
- **Стекнување вештини** - практични, технички способности во реализација на ликовните техники, како и

психомоторни техники, вештина во координација на ликовните потези, реализација на имитација или илузија на текстура....

- **Стекнување способности** - развивање на креативност, перцептивни и сензорни способности, емпатија, меморирање и сеќавање.
- **Воспитни цели** - упорност, истрајност, самостојност, коректен однос кон другите ученици, кон материјалите и приборот за работа, кон околината, уредност, внимателен однос кон работата на другите ученици...

Во реализација на текот на активноста, секогаш треба да имаме предвид дека часот по ликовно образование треба да е интерактивен, со активно учество на учениците, бидејќи неопходно е нивно разбирање и реализација на ликовни творби. Поради тоа во дневната подготовка не е доволно да се претстави само активноста на наставникот, туку и предвидувања за активности на учениците во делови на часот (часовите, ликовно образование се реализира во два поврзани часа).

## АКТИВНОСТИ НА НАСТАВНИКОТ:

1. **Воведни активности на наставникот (емоционална подготовка на учениците):** на почеток на часот ги воведуваме учениците во област на визуелното мислење со цел да ги заинтересираме и сконцентрираме. За таа цел може да почнеме со разговор со која ќе дојдеме до поимот кој треба да се обработи ( линија, насока, големина, повторување, хармонија, композиција...). Може да употребиме приказна, песна, цртан филм, реклама, фотографии, репродукции од ликовни дела во кои се споменува или се асоцира на потребниот ликовен поим. Во овој дел стандардно не се објаснува наставната содржина, туку само се стигнува до именување на ликовниот елемент или ликовниот принцип.

2. **Активности за учење и поучување:**
**Ликовна разработка:** Ова е дел од часот кога наставникот ја најавува наставната содржина, односно наведува што ќе се работи на часот и го запишува поимот на табла (освен во прво одделение кога учениците уште не читаат и пишуваат). Понатаму следи дефинирање на ликовниот елемент или принцип и негово подетално објаснување (пр. дефиниција за линија и објаснување на видовите на линии во околина, или дефиниција за текстура и наведување на видови на текстури, или дефиниција за хармонија и наведување на начини на кои се постигнува хармонија...). Објаснувањето е најдобро кога е поткрепено со визуелни примери што служат како илустрација (репродукции, цртежи, фотографии, скулптури, филм....). Наставникот разговара со учениците, поставува прашања со кои ја потттикнува активната перцепција на учениците, проверува дали е разбрана содржината. Додава и дополнителни информации, ако е потребно и одговара на прашања на учениците (ако ги има) со цел сите ученици да ги разберат и усвојат ликовните поими, поделби и каркатеристики.

**Упатства за реализација на ликовната техника:** јасно и детално треба да се именува ликовната техника, да се наведат потребните ликовно технички средства и да се објасни процесот на реализација. Посебно внимание треба да се обрне на укажување на можните грешки, како и да се дадат упатства за правилно користење на соодветната техника. Да не се заборави да се укаже на ликовните квалитети на одредената ликовна техника. Во повеќето случаи освен вербално објаснување, наставникот треба да ја демонстрира соодветната техника.

**Мотивација:** најдобро е цела мотивација и објаснување на целта на активноста да се содржат во една јасна реченица. Со тоа се прецизира и конкретно се упатува на суштината на ликовната задача (пр. да се претстави

имитација на текстура со техниката сликање со темпера, со мотив - кора од дрво; или да се претстави градација на боја во техниката колаж со мотив – плакат за концерт; или да се претстави сложена форма во техниката обликување со глина, со мотив – животно од фантазија...).
Потребно е да се наведат варијанти на решавање како поттик, но секогаш да се наведе дека не е потребно истите да се прецртаат, туку дека треба секој да замисли свое решение на поставената задача.

**План на табла:**
Се запишува:

- дефиниција на поимот,
- поделба,
- ликовна техника и
- мотив.

**3. Евалуациони активности на наставникот:**

- **Техники на следење и вреднување:**

Додека учениците работат, наставникот ги следи, проценува дали ликовниот проблем е кај секој ученик правилно поставен, дали точно се реализира ликовната техника, дали учениците работат самостојно или копираат, дава дополнителни насоки ако е потребно и ги потттикнува да ги довршат ликовните решенија. Сите сугестии и корекции треба да се даваат внимателно, без наметнување, за да се овозможи слободен и креативен ликовен израз на учениците. Никако не треба да се интервенира во ликовните творби на учениците, какви и да се – задачата е поставена за учениците, не за наставникот, кој може да ја дообјасни, претстави можни решенија преку визуелни примери, но никако да ја заврши работата наместо ученикот.

- **Активности на вреднување и следење:**

По завршување на практичната работа, наставникот со помош на учениците на табла ги поставува ликовните творби и ги поттикнува учениците да проценат дали е зададениот ликовен

проблем успешно решен, дали е ликовната техника правилно реализирана, дали е работено внимателно, како е претставен мотивот. Прашања кои се однесуваат на личниот вкус – „Дали ти се допаѓа?“ потребно е да се избегнуваат, а разговорот да се насочи кон проверка на стекнатите знаења, покажаната креативност и активна перцепција на учениците.

Неопходно е континуирано следење на активностите на секој ученик посебно, па за тоа е добро да се користи портфолио како целина на реализирани ликовни творби (се овозможува согледување на целината и полесно оценување), да се прават записи во Бележник на активности за работата на учениците со мислења и впечатоци после секој час и секако се оценуваат постигнувањата на учениците.

## АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ:

**1.Воведни активности:** очекуваме дека учениците реагираат позитивно на поставената тема ( во зависност од тоа како наставникот го води овој дел на часот- учествуваат во игра, пеат песна, гледаат цртан филм со внимание, даваат свои варијанти....)

**2. Активности за учење:** активно да ја следат презентацијата на содржината, да умеат да го дефинираат, објаснат и препознаат ликовниот елемент или принцип кој се обработува, начините на негово добивање, можностите за примена, го препознаваат ликовниот елемент или принцип во ликовните дела кои се изложени, умеат да дадат пример за препознавање на ликовниот елемент или принцип во околоната и природата.

Во тек на реализација на ликовната содржина учениците умеат да објаснат како правилно се користи ликовната техника, способни се за употреба на ликовната техника во решавање на поставената ликовна задача, креативни во изботот на мотив за соодветната задача. Умеат успешно да го реализираат своето

решение на ликовниот проблем, технички адекватно и креативно, без копирање на примерите или другите ученици.

**3. Евалуациони активности на ученикот:** умеат да го препознаат ликовниот елемент или принцип во ликовните дела на своите соученици, да одредат дали задачата е точно решена, дали ликовната техника е правилно реализирана, да проценат дали ликовните творби се соодветни на поставената ликовна задача, дали има посебност, креативност во реализацијата, каква идеја е покажана, дали мотивот е соодветен....

## ПРИМЕРИ ОД ДНЕВНИ ПОДГОТОВКИ

Во следниот дел е се дадени примери за Дневно планирање за предметот ликовно образование од прво до петто одделение.

Во секое одделение се реализираат следните ликовни подрачја:

- Цртање
- Сликање
- Графика ( печатење во прво и второ одделение)
- Обликување во простор, моделирање и градење
- Ликовни истражувачки активности ( за прво одделение)
- Дизајн и визуелни комуникации

  За секое одделение како примери се обработени содржини од две ликовни подрачја.

## ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

### Дневна подготовка

| | | |
|---|---|---|
| Одделение | **I** | |
| Наставна содржина | Видови на линија - прави и криви, дебели и тенки | |
| Наставна тема | **Точка и линија** | |
| **Ликовно подрачје** | Ликовна техника и ликовно технички средства | **Мотив** |
| **цртање** | Цртање со молив, Молив 2-4 Б, гума, хартија за цртање,острилка | **Дрво со гранки, ветар, дожд** |
| Наставни форми | Наставни методи | Наставни средства |
| Фронтална форма на работа и индивидуална | Метод на усно излагање,метод на разговор, метод на практична работа. | Ликовни дела: Ван Гог, „Овоштарник со Арл во позадина“, 1888, Кинерт, пејзажи, 1965, туш предмети: дрвено стапче, жица, конец |
| Корелација: ЗПО, музика, филм, литература | | |

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА НАСТАВНАТА АКТИВНОСТ:**

**Стекнување на знаења:**

Учениците треба да стекнат знаења за поимот линија , да ги разликуваат лините како прави и криви, дебели и тенки, полни и испрекинати, да ги именувааат раличните линиии.

**Стекнување на вештини:**

Да нацртаат различни видови на линии со мек молив, да претстават дрво со гранки, ветар, дожд .

**Стекнување на способности:**

Да ги перпознаваат различните видови на линии во уметничките дела и во околината**.**

**Воспитни цели:**

Учениците траба да се грижат за својот прибор и за приборот за другарчињата околу себе, но и за инвентарот во учениците.

**АКТИВНОСТИ НА НАСТАВНИКОТ:**

**Активности за учење и поучување**

- **Воведни активности (емоционална подготовка на учениците):**

Ја започнувам активноста со прашање до учениците: што добиваме како резултат кога со фломастер цртаме на хартија? Што се добива ако користиме молив или восочен пастел и хартија? Добиваме линија. Со што друго можеме да нацртаме линија? ( очекувани одговори се: со стапче во песок, со дланка во снег, со креда на плочник....)

- **Ликовна разработка:**

Деф: Линија е ликовен елемент кој е сосотавен од бескрајно множество на точки.

Што нѐ потсетува на точка? (капки дожд, далечните звезди, песок....). Повеќе точки заедно прават линија.

Линија е точка која тргнала да прошета ( линија се добива со движење на точка во просторот).

Линиите може да бидат прави и криви. Дали во околината гледаме некакви линии?

Што нѐ потсетува на прави линии? На прави линии на потсетуваат : ногалки од столче, оквири на прозорци, пешачки премин. На криви линии не потсетуваат : гранки на дрвја,обликот на цветовите, брановите во река, езеро...

- **Упатства за реализација на ликовната техника:**

Техниката цртање со молив се реализира со мек молив со ознака Б, 2б, 4Б. Се црта на рапавата страна од цртачката хартија. Секогаш се брише со гума, никако со прсти бидејќи се добива слаб кавалитет на цртежот. Линиите се цртаат со повлекување на моливот по површината на листот, без силно притискање, бидејќи моливот може да се скрши. Дебели линии се добиваат со исцртување на линијата повеќе пати.

- **Мотивација:**

Цел на денешната активност е да се претставаат дебели и тенки линии. Мотив е дрво во есен, дожд, ветар. Дали дождот може да го претставиме со точки? А дали може да се претстави со линии? Ако го замислиме ветрот како се движи меѓу гранките на дрвјата, со какви линии може да го претставиме неговото движење?

**<u>Евалуациони активности на наставникот:</u>**

- **Техники на следење и вреднување**

Додека учениците цртаат , ја следам нивната работа, забележувам дали секој точно ја користи цртачка техника , ако е потребно ги корегирам и им давам дополнителни насоки и ги поттикнувам.

- **Активности на вреднување и следење**

Правиме мала изложба на сите цртежи на табла, анализираме какви видови на линиии го претставуваат дадениот мотив, каде се нацртани различни линии и какви, колку е јасно прертставеното, дали техниката е соодветно реализирана.

**АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИКОТ:**

1. **Воведни активности:** даваат свои мислења за начините на кои се добива линија со различни материјали.
2. **Активности за учење:** учениците одговараат на поставените прашања за точка и линија – ги препознаваат како објекти во околината и ги именуваат.
3. **Евалуациони активности на ученикот:**Учениците умеат да ги препознаат видовите на линии во околината, во ликовните творби, како и во своите цртежи што ќе се реализираат на часот, да проценат дали е цртано внимателно, дали е претставениот мотив точно одбран, дали е претставен наинтересен, необичен начин.







# ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

## Дневна подготовка

| | |
|---|---|
| Одделение | **I** |
| Наставна содржина | **Линија и површина** |
| Наставна тема | **Светли и темни бои** |

| **Ликовно подрачје** | Ликовна техника и ликовно технички средства | **Мотив** |
|---|---|---|
| **Ликовни истражувачки активности** | Цртање со Капење, дување, прскање.<br>Чешел, четка за заби, сламки за сок, крпче....<br>Бои дбиени од различни овошја и зеленчуци | **Тепих во разиграни бои** |
| Наставни форми | Наставни методи | Наставни средства |
| Фронтална форма на работа и индивидуална | Метод на усно излагање,метод на разговор, метод на демонстрација, метод на практична работа. | Полок, „Број “, 1948, Ценкинс, „Ден на Земјата“, 1971<br>Есенски листови, камчиња, кора од дрво... |

Корелација: дизајн, музика

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА НАСТАВНАТА АКТИВНОСТ:**

**Стекнување на знаења:**

Учениците треба да стекнат знаења за поимот линија и за поимот површина, да ги разликуваат видовите на линии, да ги именуваат различните линии, да ги препознаваат површините и начините на нивно добивање.

**Стекнување на вештини:**

Да претставаат различни видови на линии и површини со бои добиени од овошје и зеленчук, да ги користат различните нестандардни средства за ликовно изразување.

**Стекнување на способности:**
Да ги перпознаваат различните видови на линии и површини во уметничките дела и во околината**.**
**Воспитни цели:**
Да стекнат ликовно- хигиенски навики за работа со сликарски материјали, да се грижат за творбите на другите ученици, да помагаат, да го делат материјалот за работа со другите...

**АКТИВНОСТИ НА НАСТАВНИКОТ:**

1. **Воведни активности (емоционална подготовка на учениците):**

Ги повторуваме дефинициите за линија и ги именуваме видовите на лиинија. Покажуваме различни видови на форми кои нè потсетуваат на линија во училницата и во природата. Повторуваме со кои средства може да се претстави линија (молив, туш, восочен пастел....).

2. **Активности за учење и поучување**

- **Ликовна разработка:**

Ги именуваме геометриските форми – квадрат, круг, триаголник и ги препознаваме преку поставени примери.
Деф: Површина е просторот кој се наоѓа во една затворена линија. Површините може да бидат на геометриски форми, како што се наброени претходно, или на неправилни, органски форми. Каде гледаме различни површини со неправилна форма ( пр. листови од растенија, кора од дрво, камен...)

- **Упатства за реализација на ликовната техника:**

Денес со бои кои се добиени од различни овошја и зеленчуци ќе претставиме ралични линии и форми во вид на тепих со разиграни бои. Боите ќе ги нанесуваме со прскање, со дување со сламка, со цртање со чешел, четка за заби.... Наставникот демонстрира употреба на наведените материјали и техники за сликање и цртање...

- **Мотивација:**

Ќе претставиме килим со различни линии и површини.

3. **Евалуациони активности на наставникот:**

- **Техники на следење и вреднување**

Наставникот забележува дали секој ученик точно ја користи ликовната техника , ги упатува на други можности од користење на нестандардните средства за работа, ги поттикнува за развој на нивни идеи за креативна реализација.

- **Активности на вреднување и следење**

Правиме мала изложба на сите цртежи на табла, анализираме какви видови на линиии гон претставуваат дадениот мотив, каде се нацртани различни линии и какви, колку е јасно претставеното, дали техниката е соодветно реализирана.

**АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИКОТ:**

1. **Воведни активности:** Учениците ги повторуваат деф. за линија, видовите и начините на нивно добивање.

2. **Активности за учење:** Се усвојува поимот на површина, сппособности за препознавање и именување на различни површини во природата. Новите ликовни техники се разбрани и реализирани во ликовните творби.

3. **Евалуациони активности на ученикот:** Учениците умеат да ги препознаат видовите на лините и површините во ликовните творби, со кое средство и со каква боја се претсавени линиите и површините, да проценат дали на ликовната творба е претставен килим со различни површини и линии, дали се боите правилно користени, дали се добро изведени нестандардните ликовни техники.





# ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

## Дневна подготовка

<table>
<tr><td colspan="2">Одделение</td><td>II</td></tr>
<tr><td colspan="2">Наставна содржина</td><td>Секундарна боја –зелена</td></tr>
<tr><td colspan="2">Наставна тема</td><td>Боја</td></tr>
<tr><td>Ликовно подрачје</td><td>Ликовна техника и ликовно технички средства</td><td>Мотив</td></tr>
<tr><td>Сликање</td><td>Темперни бои, садови за вода, вода, четки за сликање со темпера, палета, хартиени марамчиња, хартија за подлога</td><td>Пролетен пејзаж</td></tr>
<tr><td>Наставни форми</td><td>Наставни методи</td><td>Наставни средства</td></tr>
<tr><td>Фронтална форма на работа и индивидуална</td><td>Метод на усно излагање,метод на разговор, метод на демонстрација, метод на практична работа.</td><td>Зеленчуци со различна зелена боја, различни предмети<br>Ликовни дела: Сезан, П. „Планина Сент, Виктор“,<br>Ротко, М.Број 17“,<br>Моне, К. „Водени лилјани во езерото“</td></tr>
<tr><td colspan="3">Корелација: ЗПО, музичко образование, литература</td></tr>
<tr><td colspan="3">ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА НАСТАВНАТА АКТИВНОСТ:<br>Стекнување на знаења:<br>Учениците треба да стекнат знаења за поимот секундарна боја, да ги научат начините на добивање на секундарни бои, да ги именуваат примарните и секундарните бои.<br>Стекнување на вештини:<br>Учениците треба да стекнат вештини за добивање на секундарни бои со мешање на две примарни.</td></tr>
</table>

**Стекнување на способности:**
Да разликуваат примарни од секундари бои, да ги препознаваат секундарните бои во ликовните дела и во околината.
**Воспитни цели:**
Да се поттикне вниманието на учениците за перцепција на ликовните дела, за запознавање со начините на добивање на различни бои, за стекнување на на хигиено-техничките и работните навики (хигиена на приборот, уредност, хигиена на просторот/училницата), да се поттикне упорноста и креативноста, да се гради почитување и социјална интеракција со другите ученици и почитување на нивната работа.

**АКТИВНОСТИ НА НАСТАВНИКОТ:**

1. **Воведни активности (емоционална подготовка на учениците):**

Ги набројуваме годишните времиња, се задржуваме со подетално опишување на пролетта. Какви се боите на природата во пролет? Каде ги среќаваме ( трева, дрвја, цветови, инсекти...).
Која боја е најчесто застапена во ова годишно време?

2. **Активности за учење и поучување**

- **Ликовна разработка:**

Боите ги делиме на: Примарни или основни и секундарни или добиени.
Основни бои се црвен, жолта и сина. Од нив се добиват сите останати бои со мешање:
- Од основните црвена и жолта се добива секундарна портокалова боја
- Од основните црвена и сина се добива секундарна виолетова боја
- Од основните сина и жолта се добива секундарна зелена боја

- **Упатства за реализација на ликовната техника:**наставникот демонстрира како се добива секундарна зелена боја. Се земаат две пластични прозирни чаши во кои е се веќе растворени сина и жолта боја во секоја посебно. На таблата се залепува бел лист хартија и со четката се зема од жолтата боја и се нанесува на хартијата. Потоа во чашката со жолта боја се додава малку сина боја, се промешува и се гледа како се добива зелена боја. И оваа боја се насликува на листот хартија поставен на табла. Потоа во истата чаша се додава уште сина боја, се промешува и се гледа дека се добила уште по зелена боја, која

исто се нанесува на хартијата. Се прави анализа која од добиените бои е позелена? Се продолжува со постапката уште неколку пати за да се добијат зелени бои со различен интензитет.

- **Мотивација:**

Може ли да замислите како трчате по убава зелена ливада? Кога трчаме не ги забележуваме прецизно објектите, но ги гледаме убавите бои. Кога трчаме по ливада, гледаме насекаде различни зелени бои. Ајде да ги насликаме... Зелената боја треба секогаш да се добие со мешање на сина и жолта.

3. **Евалуациони активности на наставникот:**
    - **Техники на следење и вреднување**

Додека учениците ги мешаат боите, им помагам со совети, сугестии, за правилна реализација на ликовната техника, а потоа со совети за соодветно нанесување на боите.

- **Активности на вреднување и следење**

Правиме мала изложба на сликите на учениците со мотив – зелена ливада, анализираме кои би се користени, каде е која боја насликана, колку е добра претставата на ливада.

**АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИКОТ:**

1. **Воведни активности**: Учениците ги набројуваат и опишуваат боите во различните годишни времиња. Наведуваат каде може да се сретнат различните бои во секое од наведните годишни времиња. Разговараме кои бои се најкарактеристични за секое годишно време.

2. **Активности за учење:** Се совладува поимот секундарни бои врз основа на веќе познатиот поим – основни бои. Се разликуваат секундарните бои и се познава начинот на добивање на секоја боја посебно. Учениците умеат да ги разликуваат основните и секундарните бои на Освалдовиот круг на бои, како и во својата околина. Во однос на начинот на добивање на секударните бои, учениците успеваат да ги добијат со мешање на основните бои на палета, а потоа да ги употребат за сликање на површина со различни видови на зелна боја, со мотив –зелена ливада.

3. **Евалуациони активности на ученикот:**Учениците умеат да ги препознаат дали е зелената боја добиена со мешање на сина и жолта боја, да проценат дали е сликано внимателно, какви видови на зелена боја се насликани, дали е претставата на зелена ливада јасна и креативна.








## ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

### Дневна подготовка

<table>
<tr><td colspan="2">Одделение</td><td>II</td></tr>
<tr><td colspan="2">Наставна содржина</td><td>Светли и темни бои</td></tr>
<tr><td colspan="2">Наставна тема</td><td>Боја</td></tr>
<tr><td>Ликовно подрачје</td><td>Ликовна техника и ликовно технички средства</td><td>Мотив</td></tr>
<tr><td>Печатење</td><td>Монотипија<br>Матрица од плексиглас, хартија на која ќе се печати, ролер, темперни бои, глицерин, четки за сликање ,, палета, хартиени марамчиња.</td><td>Ноќ во градот или огномет</td></tr>
<tr><td>Наставни форми</td><td>Наставни методи</td><td>Наставни средства</td></tr>
<tr><td>Фронтална форма на работа и индивидуална</td><td>Метод на усно излагање,метод на разговор, метод на демонстрација, метод на практична работа.</td><td>Ван Гог, „Ѕвездена нок“, 1889, Кандински, „Композиција 10“,1939</td></tr>
<tr><td colspan="3">Корелација: ЗПО, музичко образование, литература</td></tr>
<tr><td colspan="3">ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА НАСТАВНАТА АКТИВНОСТ:<br>Стекнување на знаења<br>Учениците да се стекнат со елементарни знаења за печатењето како ликовно подрачје, да го усвојат поимот за техниката на печатење монотипија, да научат што е матрица и отпечаток, да стекнат знаења за тоа со кои материјали и средства се реализира техниктаа монотипија, да стекнат знаења за редоследот на постапките при реализирањето на техниката</td></tr>
</table>

монотипија, да се запознаат со поимите позитив и негатив.

**Стекнување на вештини:**

Учениците да се стекнат со вештини за отпечатување во техниката монотипија, да ги развиваат психомоторичките функции, за контрола на рацете (дланките, прстите), да го развијат на повисок степен креативното мислење, интелектуалните и сензорните способности. Учениците да воочуваат, идентификуваат и именуваат видови графики (монотипија, картон печат...)

**Стекнување на способности:**
Учениците да се оспособат за правилно користење на материјалите потребни за реализирање на монотипија, да се оспособат да сликаат на матрица, да ја отпечатуваат насликаната творба на лист, правилно да се нанесе бојата на матрицата и да се отпечати (правилно да го одделат листот од матрицата и сл.), да се оспособуваат за индивидуален творечки однос во рамките на ликовната работа во подрачјето графика.

**Воспитни цели:**
Да се развие интересот на учениците кон ликовното творештво и да се оспособуваат ликовните и естетските искуства да ги применуваат во учењето, во општествениот живот и работата: да се запознаат со ликовните дела во техниката монотипија од ликовните уметници, да ги прошират знаењата за ликовната писменост, да ги негуваат хигиено-техничките и работните навики (хигиена на приборот, уредност, хигиена на просторот/училницата), да развиваат љубов кон ликовната уметност и љубов за активност воопшто (самоактивност, упорност, истрајност), да го развиваат социјалниот однос, почитување на сопственото ликовно изразување и ликовното изразување на другите, преку ликовното творештво да се релаксираат.

**АКТИВНОСТИ НА НАСТАВНИКОТ:**

**1.Воведни активности на наставникот**

**( емоционална подготовка на учениците):**

Часот го започнувам со разговор (со цел, да се запознаам со нивните предзнаења).

- Дали ви е познато што значи зборот печатење? Сте работеле ли компир

печат? Дали знаете што е картон печат?

- Го објаснувам поимот печатење.
- Печатењето е постапка на добивање на ликовни дела со притиснување на основа на која е нанесена боја врз хартија. Сега кажете ми вие дали некој од вас слушнал за зборот монотипија? А дали знаете што значи монотипија?

**2.Активности за учење и поучување:**

- **Упатства за реализација на ликовната техника:**

На таблата го запишувам зборот монотипија и објаснувам дека потекнува од грчките зборови *monos* - еден и *tipos* - отпечаток, значи графичката техника монотипија се нарекува така поради тоа што со неа добиваме само еден отпечаток. За да ја реализираме оваа техника, нам ни е потребна матрица, клише, основа со мазна површина од стакло или пластика.

Се печати со различни видови на бои: печатарски, маслени или темперни.

За да не се сушат темперните бои ќе додадеме наместо вода како што е вообичаено –глицерин. Бојата со глицерин ја мешаме на палета. Со боите сликаме на матрицата (демонстрирам) и потоа почнуваме со отпечатување. Хартијата на која сакаме да испечатиме ја ставаме внимателно врз матрицата и потоа лесно со дланката притискаме врз целата површина на листот. Отпечатувањето може да се направи и со валјак. Потоа внимателно се одлепува хартијата и се подигнува отпечатокот.

Листот треба да се исуши, а потоа да се означи (сигнира) според правилата за одбележување на графичките листови:

Тиражот, односно бројот на отпечатоци се запишува во долниот лев агол (за монотипија, кога се добива смо еден отпечаток се запишува 1/1 (првата единица означува дека отпечатокот е испечатен прв по ред / втората единица значи дека вкупно е отпечатен еден еден отпечаток. Потоа се става запирка и се пишува во која техника е изработен отпечатокот. Насловот на графиката се запишува на средина во наводници, а после него годината во која е изработена творбата.

Потписот на се запишува во десниот агол .

Потоа на учениците им покажувам изработки во графичката техника монотипија.

Повторуваме: **секоја ликовна творба што настанува по пат на отпечатување се вика графика. Монотипија е ликовна графичка техника во која се добива само еден отпечаток(уникат).**

- **Ликовна разработка:**

Повторуваме кои бои се примарни, а кои се секундарни. Дали една боја исто ни изгледа кога е јасно осветлена и кога е во темно? Кога во природата може да видиме светли и темни бои во еден простор? Боите може да бодат светли и темни. Секоја боја станува темна ако и додадеме црна боја, а се осветлува кога додавама бела боја.

**Мотивација:**

Светли бои има најмногу во природата кога е ден, кога има јако сонце, па затоа и боите се осветлуваат. Кога е ноќ, потребно е да се осветли за да гледаме. Во темниот простор светлите бои изгледаат уште посветли – како изгледа градот навечер? Со техника монотипија и употреба на светли и темни бои треба да се претстави градот во ноќ.

**3.Евалуациони активности на наставникот:**

- **Техники на следење и вреднување**

Додека учениците ја реализираат ликовната наставна задача, постојано ги набљудувам и индивидуално коригирам на секој ученик доколку има потреба, давам совети и проверувам дали е техниката правилно реалзирана, дали е наставната содржина решена, дали е мотивот соодветен.

- **Активности на вреднување и следење**

По завршувањето со наставната задача, ги повикувам учениците следат и објаснувам како се потпишува графички отпечаток. Учениците ги потпишуваат своите отпечатоци.

Правиме изложба од отпечатените монотипии и анализираме:

- Каде е ликовната техника најдобро реализирана?

- Каде е соодветно употребен мотивот?

- Каде е ликовниот проблем успешно решен и зошто?

**АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИКОТ:**

**1.Воведни активности:**Учениците одговараат на прашањата за видовите на печатење кои ги познаваат, за техники на печатење кои ги работеле, дали се сеќаваат на постапки и материјалите кои се користат...,

**2. Активности за учење:**Учениците умеат да ја објаснат постапката за реализација на графичката техника монотипија и да реализираат отпечаток.

**3. Евалуациони активности на ученикот:**Учениците умеат да направат разлика помеѓу ликовните графички техники кои претходно ги запознале и работеле и графичката техника монотипија, го знаат начинот на кој таа се реализира и потребните материјали за нејзина реализација.









## ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ

<table>
<tr><td colspan="2">Одделение</td><td colspan="2">III</td></tr>
<tr><td colspan="2">Наставна содржина</td><td colspan="2">Едноставен и сложен, вдлабнат и испакнат волумен</td></tr>
<tr><td colspan="2">Наставна тема<br>Волумен</td><td colspan="2">Мотив<br>Моето омилено животно</td></tr>
<tr><td colspan="2">Ликовно подрачје<br>Обликување во простор, моделирање и градење</td><td colspan="2">Ликовна техника и ликовно технички средства<br>Глина, подлога – картон, сад со вода, крпче за бришење раце, весникарска хартија, стапче за обликување</td></tr>
<tr><td>Наставни форми</td><td colspan="2">Наставни методи</td><td>Наставни средства</td></tr>
<tr><td>Фронтална<br>Индивидуална</td><td colspan="2">- усно излагање<br>- разговор<br>- демонстрација<br>- практична работа<br>- игра</td><td>Коцка, квадрат, триаголник, пирамида, чаша, топка<br>3Д форми од глинамол</td></tr>
<tr><td colspan="4">Корелација: Математика и Природни науки</td></tr>
<tr><td colspan="4">ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА НАСТАВНАТА АКТИВНОСТ:<br>- Стекнување на знаења: поими форма и волумен, едноставен и сложен волумен, вдлабната и испакната форма; да се препознава волумен и форма, да се разликува едноставен и сложен волумен, вдлабната и испакната форма во уметноста и во секојдневното опкружување.<br>- Стекнување на вештини: стекнување вештина на обликување на глинамолот, со додавање и оземање материјал на фигурата, правилно дозирање на водата за размекнување на глинамолот, постигнување стабилност на фигурата.<br>- Стекнување на способности: стекнување чувство за волумен, за перцепција на пропорции, развивање на ситната моторика на рацете, развивање на креативноста и на способноста замислената идеја да ја претстави со обликување на 3Д фигура.<br>- Воспитни цели: да се поттикне интерес за запознавање на скулпторските дела, за разбирање на значењето на волуменот во простор,стекнување упорност во работата, уредност, грижа</td></tr>
</table>

за приборот, за ликовните творби на другите.

**АКТИВНОСТИ НА НАСТАВНИКОТ:**

**1.Воведни активности на наставникот ( емоционална подготовка на учениците):**

Со учениците поведувам разговор во врска со нивното претходно познавање на формите: се потсетуваме од математика: 2Д и 3Д форми, ги наведуваме разликите помеѓу 2Д и 3Д формите. Потврдуваме дека 3Д формата има 3 димензии: должина, висина и длабина (широчина). Ги замолувам учениците да посочат предмети во училницата кои претставуваат 3Д форми и притоа накусо да ги опишат. Се обидуваме да сместиме едни предмети во други: боиците во комплетот, книгите во ранец. Заклучуваме дека тие зафаќаат одреден простор.

**3. Активности за учење и поучување:**

- ***Ликовна разработка:***

Така доаѓаме до дефиницијата за волумен: „Просторот што го зафаќа секој предмет се вика волумен". Одбирам предмети со едноставен волумен и ги прашувам учениците од колку елементи се составени. Потоа одбирам предмети со сложен волумен и ги прашувам од колку елементи тие се составени. Објаснувам дека предметите составени само од еден елемент имаат едноставен волумен, а оние со повеќе елементи – сложен волумен. Ги замолувам учениците самите да дадат неколку примери. На неколку предмети покажувам испакнатост и вдлабнатост: испакнат и вдлабнат волумен.

Игра: топло-ладно. Барам доброволец од учениците кој излегува напред. Му ги врзувам очите и барам од него да го опише предметот што ќе му го дадам, а потоа и да погоди што точно претставува тој предмет. Му давам скулптура на животно. Барам да опише дали има 3 димензии, дали има вдлабнатини/испакнатини, дали може да каже дали се работи за едноставен или сложен волумен. На крајот треба да погоди што претставува предметот, ако каже дека е животно треба да погоди кое животно, а другарчињата му помагаат со насоки: топло-ладно. (Во зависност од времето и ентузијазмот на децата, може да повториме со уште еден доброволец.)
Ги прашувам децата дали тие ги сакаат животните, дали имаат домашни миленичиња, дали посетиле зоолошка градина...

- **Упатства за реализација на ликовната техника:**

Ја именувам ликовната техника: обликување со глина.
Им објаснувам на учениците дека прво треба да постават весникарска хартија на клупата. Потоа ќе ја постават картонската подлога врз која ќе ја обликуваат творбата. Им објаснувам дека глинамолот е тврд и треба да се омекне со малку вода, потоа да се измеси и може да се почне со работа. Прво се прави груб облик, а потоа со додавање и со одземање на него се доаѓа до саканиот облик. Доколку рацете им станат валкани и лепливи, ќе се избришат со влажно крпче. Важно е да обликуваат со прсти, а на крај со стапчето може да направат и некоја декорација. Ги потсетувам дека треба да изведат сложен волумен, со испакнатини и вдлабнатини. Им покажувам фигури од глина/глинамол како пример, но нагласувам дека тие треба да работат според својата сопствена замисла.
Доколку е потребно, им демонстрирам на учениците како се користи глината и која е постапката на реализација.

- **Мотивација:**

Денес ќе обликуваме животно од глина - треба да го обликуваат своето омилено животно: домашно милениче (куче, маче...), но може да биде животно што го виделе во зоолошка градина, на телевизија, во природата, а може дури и да си го измислат. (ги потсетувамн на примери од цртани филмови или литература). Им објаснувам дека при тоа треба да применуваат испакнати и вдлабнати форми и дека волуменот треба да е сложен, односно да е составен од повеќе елементи.

**3.Евалуациони активности на наставникот:**

- **Техники на следење и вреднување**

Додека учениците работат, активно ја следам нивната работа. Таму каде што е потребно давам дополнителни објаснувања, вршам корекции, охрабрувам.

- **Активности на вреднување и следење**

По завршувањето на активноста, ги поставуваме скулптурите и правиме изложба. Замислуваме дека сме во уметничка галерија и ги анализираме претставените дела: дали претставуваат сложен волумен, испакнат/вдлабнат, какво животно е претставено. По желба,

учениците и самите можат да дадат осврт на своето ликовно дело.

**АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИКОТ:**

**1.Воведни активности:** Учениците одговараат на поставените прашања за 2Д и 3Д форми, посочуваат 3Д форми во училницата, го изведуваат експериментот (ставање книги во чанта, боици во комплет). Ги искажуваат своите заклучоци.

**2. Активности за учење:** Ја проверувам свесноста и активноста на учениците преку набљудување дали претставуваат сложен, вдлабнат и испакнат волумен, поставувам прашања за да проверам дали ги разбрале и дали ги усвоиле поимите волумен, сложен волумен, испакнат, вдлабнат, дали правилно ја користат ликовната техника.

- **Евалуациони активности на ученикот:** Во завршниот дел од часот учениците ги проценуваат изработките, така што анализираат дали во делата е претставен сложен волумен, испакнат/вдлабнат, дали е соодветно претставен мотивот, дали е реализирана ликовната техника.







## ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| Одделение | **III** |
| Наставна содржина | **Топли и ладни бои** |
| Наставна тема<br>**Волумен** | Мотив<br>**Моето омилено животно** |
| Ликовно подрачје<br>**Сликање** | Ликовна техника и ликовно технички средства<br><br>Темперни бои, садови за вода, вода, четки за сликање со темпера, сунѓер за сликање туфирање, палета, хартиени марамчиња, хартија за подлога |

| Наставни форми | Наставни методи | Наставни средства |
|---|---|---|
| Фронтална<br>Групна | - усно излагање<br>- разговор<br>- демонстрација<br>- практична работа | Цртан филм,<br>Реклама,<br>приказни |

**Корелација**: Природни науки, филм

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА НАСТАВНАТА АКТИВНОСТ:**

- **Стекнување на знаења:** поими за топли и ладни бои, знаења за добивање на топли и ладни бои, за поставеност на Освалдовиот круг на бои.
- **Стекнување на вештини: за разликување на топли и ладни бои,** стекнување вештина за добивање на топли и ладни бои во техника сликање со темперни бои.
- **Стекнување на способности:** за разликување на топли и ладни бои во околината и во ликовните дела.
- **Воспитни цели:** поттикнување на упорност во работата, уредност, грижа за приборот, за ликовните творби на другите зголемување на интересот за работа во група како дел од тимска соработка, развивање на социјални вештини за комуникација со заедничка цел.

**АКТИВНОСТИ НА НАСТАВНИКОТ:**

**1.Воведни активности на наставникот**
**( емоционална подготовка на учениците):**

Со учениците на Освалдовиот круг ги повторуваме поделбите на бои**:**

- Примарни-секундарни
- Светли-темни
  Додаваме дека боите може да бидат и хроматски и ахроматски.
  Наведувам примери за секоја поделба.

**2.Активности за учење и поучување:**

- **Ликовна разработка:**

Повторуваме кои бои се примарни, а кои се секундарни. Дали се сеќавате на добивањето на секундарните бои?

Некои бои ги викаме топли а други ладни иако нако ги допреме на иста температура, двете имаат иста температура.

Светот во кој живееме има одредени карактеристики накои сме се прилагодиле и кои ги познаваме.

Одредени бои: жолта, портокалова, црвена ги викаме топли, бидејќи не потсетуват на сонце, оган, висока температура. Другите бои – жолта, зелена и сина ги викаме ладни бои, бидејќи не потсетуваат на ладовина, снег, сенка, водени површини...Дали може да замислиме кои бои би биле топли ако нашето сонце кое ни дава топлина и светлина би било зелено?

- **Упатства за реализација на ликовната техника:**

Техниката сликање со темпера е сликарска техника. За нејзина реализација се потребни: Темперни бои, садови за вода, вода, четки за сликање со темпера, палета, хартиени марамчиња, хартија за подлога. Бојата со чиста четка се зема од палетата, се нанесува на рапавата страна од хартијата. Потоа четката се мие во другиот сад и со така одново исчистена четка се зема нова боја. Со четка се слика основната контура и деталите. За добивање на текстура на поголеми површини, сликањето може да се реализира и со туфирање со сунѓер. Ја објаснувам техниката.

Темперните бои се покривни,односно може да се слика во повеќе слоеви во кои секој го прекрива претходниот. Овозможува добивање на тонски премини.

Се слика на поголем формат хартија.

- **Мотивација:**

Денес ќе сликаме во групи. Задача ќе биде да насликаат омилено животно: домашно милениче (куче, мачe...), но може да биде животно што го виделе во зоолошка градина, на телевизија, во природата, а може дури и да си го измислат. ( ги потсетувам на примери од цртани филмови или литература). Им објаснувам дека при тоа треба да применуваат топли и ладни бои , како и дека волуменот треба да е сложен, односно да е составен од повеќе елементи.
Потребно е прво да се договорат членовите од групата што ќе сликаат, како ќе го поставаат формите на хартијата, да се договорат кој што и каде ќе слика.

**3.Евалуациони активности на наставникот:**

- **Техники на следење и вреднување**

Додека учениците работат, активно ја следам нивната работа. Објаснувам и помагам со совет за реализација на матрицата од картон и во тек на процесот на печатење.
Посебно е важно учениците сами да увидат како треба да се исече матрицата, како и правилно и добро да се залепи на подлогата.

- **Активности на вреднување и следење**

По завршувањето на активноста, ги поставуваме графиките во вид на изложба на табла. Тие претходно треба да се исушени и уредно потпишани. Анализираме каде е применет контраст на бои, каде е реализиран комплементарен контраст, дали е отпечатувањето добро, дали е нанесена доволна количина на боја на матрицата...

**АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИКОТ:**

**1.Воведни активности:** Учениците ги повторуваат примарните и секундарните бои, воочуваат што е контраст во природата и околината и даваат примери.

3. **Активности за учење:** Учениците го усвојуваат поимот контраст, умеат да го препознаат во околината и да го поврзат со Освалдовиот круг на бои, способни се да одредат паровите бои кои имаат комплементарен контраст.

- **Евалуациони активности на ученикот:** Во завршниот дел од часот учениците ги евалуираат изработките, така што анализираат дали во творбите е претставен комплементарен контраст, кој комплеметарни парови на бои се искористени, дали е реализирана ликовната техника сликање со темперни бои со употреба на четка и сунѓер.













## ЧЕТВРТО ОДДЕЛЕНИЕ

<table>
<tr><td colspan="2">Одделение</td><td>IV</td></tr>
<tr><td colspan="2">Наставна содржина</td><td>Комплементарен контраст</td></tr>
<tr><td colspan="2">Наставна тема</td><td>Контраст</td></tr>
<tr><td>Ликовно подрачје</td><td>Ликовна техника и ликовно технички средства</td><td>Мотив</td></tr>
<tr><td>Графика</td><td>Картон печат<br><br>Картон за матрица, хартија на која ќе се печати, ролер, темперни бои, глицерин, четки за нанесување на боја, палета, хартиени марамчиња.</td><td>Слободен</td></tr>
<tr><td>Наставни форми</td><td>Наставни методи</td><td>Наставни средства</td></tr>
<tr><td>Фронтална, индивидуална форма на работа</td><td>Метод на разговор, метод на усно излагање, метод на демонстрација, метод на практична работа</td><td>Освалдов круг (слика), ликовни изработки во графичката техника картон печат, илустрации</td></tr>
<tr><td colspan="3">Корелација: Музичко образование, Природни науки, Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="3"></td></tr>
</table>

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА НАСТАВНАТА АКТИВНОСТ:**

**Стекнување на знаења**
Учениците да се стекнат со елементарни знаења за графиката како ликовно подрачје, да го усвојат поимот за графичката техника картон печат, да научат што е графичка матрица и отпечаток, да стекнат знаења за тоа со кои материјали и средства се реализира графичката техника картон печат, да стекнат знаења за редоследот на постапките при реализирањето на техниката картон печат, да се повторат и утврдат поимите позитив и негатив.

**Стекнување на вештини:** Учениците треба да се стекнат со вештини за отпечатување во техниката картон печат, да ги развиваат психомоторичките функции за прецизност во изработката и вниманието на деталите, да ги развијат креативното мислење, интелектуалните и сензорните способности. Учениците да воочуваат, идентификуваат и именуваат видови графики (монотипија, картон печат...)

**Стекнување на способности:**
Учениците да се оспособат за правилно користење на материјалите за графичката техника картон печат, да се оспособат да реализираат матрица од картон, правилно да се нанесе бојата на матрицата и да се отпечати (правилно да го одделат листот од матрицата и сл.), да се оспособуваат за индивидуален творечки однос во рамките на ликовната работа во подрачјето графика.

**Воспитни цели:**
Да се поттикне и развие интересот на учениците кон графиката како ликовен медиум. Да се запознаат со ликовните дела во техниката картон печат, да ги негуваат хигиено-техничките и работните навики (хигиена на приборот, уредност, хигиена на просторот/училницата), да развиваат љубов кон ликовната уметност и љубов за активност воопшто (самоактивност, упорност, истрајност.

**АКТИВНОСТИ НА НАСТАВНИКОТ:**

1. **Воведни активности на наставникот**

   **( емоционална подготовка на учениците):**

Дали ви е познато што значи зборот графика? Дали вие сте

реализирале некоја графичка техника на часовите по ликовно образование? Сте работеле ли компир печат? А картон печат?

Го објаснувам поимот графика.

Графиката е ликовна техника која своите творби ги добива по пат на печатење. Таа е разновидна, специфична и технички сложена дисциплина, но многу е интересна. Во ликовното подрачје графика спаѓаат картон печат, компир печат, кој вие веќе сте го работеле, линорез кој понатаму ќе го работите, монотипија, но и други ликовни техники. Сега кажете ми вие дали некој од вас слушнал за зборот картон печат? Дали знаете што значи картон печат?

**2. Активности за учење и поучување:**

- **Ликовна разработка:**

На таблата поставувам хамер на кој се наоѓа „Освалдов круг“ и велам: -Ученици овде ги гледаме боите, вие знаете дека тие се делат на основни, секундарни... (основните беа жолта, црвена и сина, секундарните сите овие околу нив, {покажувам со рака и ги именувам секундарните бои}). Боите кои се наоѓаат блиску една до друга се викаат слични или хармонилични бои. Боите кои се наоѓаат на спротивна страна од Освалдовиот круг се викаат контрастни бои.

Контраст претставува најголема спротивност. Секоја основна боја е спротивна со една секундарна боја која се состои од другите две основни бои и се наоѓа спротивно од неа:

Црвена- зелена, сина – портокалова и жолта – виолетова.

Запишувам на табла.

- **Упатства за реализација на ликовната техника:**

Техниката картон-печат се реализира во следните фази:

1. Скица за графика
2. Цртање и сечење на матрицата
3. Лепење на матрицата за подлога
4. Нанесување на боја

5. Отпечатување

За да не се сушат темперните бои ќе додадеме наместо вода како што е вообичаено – глицерин. Бојата со глицерин ја мешаме на палета. Со боите сликаме на матрицата (демонстрирам) и потоа почнуваме со отпечатување. Хартијата на која сакаме да испечатиме ја ставаме внимателно врз матрицата и потоа лесно со дланката притискаме врз целата површина на листот. Отпечатувањето може да се направи и со ваљак. Потоа внимателно се одлепува хартијата и се подигнува отпечатокот.

Листот треба да се исуши, а потоа да се означи (сигнира) според правилата за одбележување на графичките листови:

Тиражот, односно бројот на отпечатоци се запишува во долниот лев агол (првиот број означува кој по ред е испечатен отпечатокот / а вториот број значи колку вкупно отпечатоци се отпечатени. Потоа се става запирка и се пишува во која техника е изработен отпечатокот. Насловот на графиката се запишува на средина во наводници, а после него годината во која е изработена творбата. Потписот на авторот се запишува во десниот агол .

- **Мотивација:**

Целта на активноста е да се претстави комплементарен контраст со техниката картон-печат.

**3.Евалуациони активности на наставникот:**

- **Техники на следење и вреднување**

Додека учениците ја реализираат ликовната наставна задача, постојано ги набљудувам и индивидуално коригирам на секој ученик доколку има потреба, давам совети и проверувам дали е техниката правилно реализирана, дали е наставната содржина решена, дали е мотивот соодветен.

- **Активности на вреднување и следење**

Кога отпечатоците се исушени и потпишани, ги залепуваме на табла во вид на изложба и анализираме:

- Каде е ликовната техника најдобро реализирана?

- Каде е соодветно употребен мотивот?

- Каде е ликовниот проблем успешно решен и зошто?

**АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИКОТ:**

**1.Воведни активности:** Учениците одговараат на прашањата за видовите графички техники кои ги познаваат, за графичките техники кои ги работеле, дали се сеќаваат на постапки и материјалите кои се користат...

**2.Активности за учење:** Учениците умеат да ја објаснат постапката за реализација на графичката техника картон печат и да реализираат отпечаток.

3.**Евалуациони активности на ученикот:** Учениците умеат да направат разлика помеѓу ликовните графички техники кои претходно ги запознале и работеле и графичката техника монотипија, го знаат начинот на кој таа се реализира и потребните материјали за нејзина реализација.







**ЧЕТВРТО ОДДЕЛЕНИЕ**

<table>
<tr><td>Одделение</td><td colspan="2">IV</td></tr>
<tr><td>Наставна содржина</td><td colspan="2">Текстура со симетрија</td></tr>
<tr><td>Наставна тема</td><td colspan="2">Симетрија</td></tr>
<tr><td>Ликовно подрачје</td><td>Ликовна техника и ликовно технички средства</td><td>Мотив</td></tr>
<tr><td>Цртање</td><td>Цртање со туш и перо<br><br>Мазна хартија за цртање, туш, перо со перодршка, хартија за проба, хартиени марамчиња за бришење на перото</td><td>Замок од фантазија</td></tr>
<tr><td>Наставни форми</td><td>Наставни методи</td><td>Наставни средства</td></tr>
<tr><td>Фронтална, индивидуална форма на работа</td><td>Метод на разговор, метод на усно излагање, метод на демонстрација, метод на практична работа</td><td>Примери од бајки: „Трнорушка“, „Снежана и седумте џуџиња“,,,од филмовите„Артур и витезите на округлата маса“, „Хари Потер“, „Господар на прстените“ .....</td></tr>
<tr><td colspan="3">Корелација: Македонски јазик, музичко образование,</td></tr>
<tr><td colspan="3"></td></tr>
</table>

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА НАСТАВНАТА АКТИВНОСТ:**

**Стекнување на знаења**

Учениците да се стекнат со знаења за поимот на симетрија и асиметрија, да ги препознаваат симетријата и асиметријата во околината и во ликовните дела, да обрнат внимане на деталите како дел од целината.

**Стекнување на вештини:**

Учениците да се стекнат со вештини за реализирање на различни видови на текстури во техниката цртање со туш и перо, да ги употребат за реализација на симетрична поставеност на елементите од замокот.

**Стекнување на способности:**

Учениците да се оспособат за препознавање на симетрија и асиметрија како ликовни принципи во организирање на објекти од околината и во уметничките дела.

**Воспитни цели:**

Да се развие интересот на учениците кон ликовното творештво и да се оспособуваат ликовните и естетските искуства да ги применуваат во разбирањето на својата околина, да ги негуваат хигиено-техничките и работните навики (хигиена на приборот, уредност, хигиена на просторот/училницата), да се развива љубовта кон деталот и кон негово организирање во соодветна композиција.

**АКТИВНОСТИ НА НАСТАВНИКОТ:**

**1.Воведни активности на наставникот**

**( емоционална подготовка на учениците):**

Што е текстура, какви видови на текстури постојат. Повторуваме дека текстура е карактерот на секоја природна или вештачка површина– мазна, рапава, тврда, мека... даваме примери за секој вид на текстура.

**2.Активности за учење и поучување**

- **Ликовна разработка:**

Во ликовнта уметност текстурата е многу важен ликовен елемент. Таа се користи во сите ликовни подрачја: цртање, сликање, обликување, моделирање, графика, дизајн. Во однос на тоа со кави материјали и средства за работа се реализира, текстурата може да биде претставена како илузија (кога гледаме текстура, но без тактилна потврда –површината е мазна), или имитација ( кога површината и кога ја перцепираме и кога ја допираме е рапава).Техниката цртање со туш и перо овозможува да се добие илузија на текстура.

- **Упатства за реализација на ликовната техника:**

Техниката цртање со туш и перо е цртачка техника. Се реализира на мазна страна на цртачка хартија. Со перото се зема туш од шишето, се проба на пробна хартија дали дебелината на линијата е онаква како што сме замислиле и доколку сме задоволни се исцртува на хартијата.

Овозможува цртање на линии со различна дебелина и насока. Доколку се случи тушот да капне на место кое не сме го планирале, не треба веднаш да се почнува нов цртеж – и ваквите ненамерни „грешки“ му даваат посебен шарм и ликовност на цртежот.

- **Мотивација:**

Да се претстави замок со симетричен распоред на елементите и со претставување на различни видови текстури**.** Да се размисли за изгледот и текстурите на замоците од приказните, од филмовите, за подвижни мостови, скриени скали, тесни прозорци, масивни ѕидови, поставеноста на замоците на високо место, за нивната околина и др.

**3. Евалуациони активности на наставникот:**

- **Техники на следење и вреднување**

Додека учениците ја реализираат ликовната задача, постојано ги набљудувам и индивидуално коригирам во реализација на

различните текстури, во распоред на елементите на замоците, поттикнувам на имагинативни решенија.

- **Активности на вреднување и следење**

По завршувањето со наставната задача, ги повикувам учениците да ги презентираат своите ликовни творби и да анализираат – кои и колку видови текстури се претставени, дали елементите на замокот се со симетричен распоред.

**АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИКОТ:**

**1.Воведни активности:**Учениците одговараат на прашањата за видовите текстури, ги именуваат и препознаваат, даваат различни свои примери.

**2. Активности за учење:**Учениците го усвојуваат поимот градација и умеат да го објаснат во контекст на ликовниот јазик, умеат да ја објаснат постапката за реализација на цртеж со туш и перо.

**3.Евалуациони активности на ученикот:** Умеат да направат разлика помеѓу различните видови на градација во уметничките ликовни дела и во своите ликовни творби, умеат да ја видат и исправат грешка во симетричниот распоред, препознаваат и умеат да претстават различни текстури.





симетрија асиметрија

## ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ

| | | |
|---|---|---|
| Одделение | **V одд.** | |
| Наставна содржина | **Градација на боја** | |
| Наставна тема | **Градација** | |
| Ликовно подрачје | Ликовна техника и ликовно технички средства | Мотив |
| Визуелни комуникации и дизајн | Колаж, рекомпозиција<br><br>Стари весници, ножички, лепак, хартија за подлога | **Плакат за концерт, театарска претстава, филм** |
| Наставни форми | Наставни методи | Наставни средства |
| Фронтална форма<br>Индивидуална форма | Метод на разговор | Цртежи<br>Слики од пејсажи<br>Фотографии |
| Корелација: Природни науки, литература | | |

**ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА НАСТАВНАТА АКТИВНОСТ:**

**Стекнување на знаења:**
Стекнување на знаење ликовниот принцип –градација, препознавање на градација на боја во природата и во уметничките дела.

**Стекнување на вештини:**
Реализација на ликовниот принцип градација во техника колаж, со метод на рекомпозиција на фотографии и текстови од весници.

**Стекнување на способности:**
За препознавање на градација во ликовната уметност и во околината.

**Воспитни цели:**

Соработка меѓу учениците, меѓусебно помагање, развивање на желбата за креација, за покажување на сопствениот став.

**АКТИВНОСТИ НА НАСТАВНИКОТ:**

1. **Воведни активности на наставникот ( емоционална подготовка на учениците):**

Дали промените во природата се забележуваат (промена од утро во ден, од ден во ноќ, од зима во пролет)? Како се одвиваат, брзо или бавно? Дали може да наброиме примери за други промени во природата?

2. **Активности за учење и поучување:**

- **Ликовна разработка:**

Постепената промена на ликовните елементи во ликовната уметност се вика – градација. Таа е ликовен принцип со кој се организираат сите ликовни елементи. Постепената промена -градација на линија (од права во крива), на насока (од вертикална во коса), на големина (од големо до мало), на форма (од аглеста во валчеста), на тон (од светол во темен), на боја (од жолта до виолетова), на текстура (од мазна до рапава). Во претставување на градацијата во ликовната уметност, се гледаат сите фази на промената.

- **Упатства за реализација на ликовната техника:**

Рекомпозиција е метод со кој од веќе готови визуелни решенија (фотографии, цртежи, слики, флаери), се создава ново ликовно дело, со потполно поинаков ликовен изглед и порака. Готовите делови од фотографија треба да се користат во друг контекст, а уште подобро ако се користат како текстура или боја.

- **Мотивација:**

Потребно е да се претстави градација на боја во форма на плакат, да се биде имагинативен, да не се копираат готови решенија, да се претстави ликовно постепена промена на боја.

3. **Евалуациони активности на наставникот:**

- **Техники на следење и вреднување**

Учениците започнуваат со реализација на наставната задача. Во текот на практичната работа, јас ја следам работата на учениците, ги набљудувам дали е правилно одбран мотивот, дали правилно се користи техниката колаж, ако е потребно некого коригирам и им давам дополнителни насоки.

- **Активности на вреднување и следење**

Откако сите ќе завршат со колажите, земам неколку и ги разгледуваме заедно со учениците. Даваме анализа и коментари: дали е претставена градација со боја, дали е претставен бараниот мотив, дали е употребен методот на рекомпозиција и дали решението е креативно или според веќе виден шаблон.

**АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИКОТ:**

**1.Воведни активности:** Учениците позитивно реагираат на поставената тема, покажуваат голема заинтересираност, сконцентрирани се на зададената задача и се обидуваат да го решат поставениот проблем. Одговараат на прашања за тоа во каква боја се предметите што нè опкружуваат.
**2. Активности за учење:** Учениците го препознаваат ликовниот принцип градација, го дефинираат, го користат во реализација на ликовна творба - плакат. Го разбираат и реализираат методот на рекомпозиција.
**3.Евалуациони активности на ученикот:** Учениците умеат да го проценат дали е колажот изработен според принципот на рекомпозиција и дали е добро претставен ликовниот принцип градација со боја.








## ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ

<table>
<tr><td colspan="2">Одделение</td><td>V одд.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Наставна содржина</td><td>Полуотворена слободна композиција</td></tr>
<tr><td colspan="2">Наставна тема</td><td>Композиција</td></tr>
<tr><td>Ликовно подрачје</td><td>Ликовна техника и ликовно технички средства</td><td>Мотив</td></tr>
<tr><td>Визуелни комуникации и дизајн</td><td>фотографирање<br>мобилен телефон</td><td>Пејзаж</td></tr>
<tr><td>Наставни форми</td><td>Наставни методи</td><td>Наставни средства</td></tr>
<tr><td>Фронтална форма<br>Индивидуална форма</td><td>Метод на разговор, на демонстрција, метод на практична работа</td><td>Цртежи<br>Слики од пејзажи<br>Фотографии од пејзажи</td></tr>
<tr><td colspan="3">Корелација: природни науки, македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="3">ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА НАСТАВНАТА АКТИВНОСТ:<br><br>Стекнување на знаења:<br>Стекнување на поим за композиција, за видови на композиција и нивна реализација во фотографскиот медиум со мобилен телефон.<br><br>Стекнување на вештини:<br>За правилна употреба на камерата во мобилните телефони, за реализација на конкретна задача во претставување на композиција.<br><br>Стекнување на способности: за препознавање на видовите на композиции во ликовните дела и во околината.<br><br>Воспитни цели:<br>Соработка меѓу учениците, меѓусебно помагање, концентрација во реализацијата, упорност, стекнување на сознание за важноста на сопствениот индивидуален став.</td></tr>
</table>

**АКТИВНОСТИ НА НАСТАВНИКОТ:**

**1.Воведни активности на наставникот**
**( емоционална подготовка на учениците):**

Разговараме за поимот композиција, за што најчесто го користиме? Одговорот е за музичка композиција, за поимот на композитор и неговата улога во создавање на музичко дело.
Објаснувам дека поимот комозиција се однесува на сите уметности и дека има свое посебно значење во ликовната уметност. Не постои уметничко дело без посебна композиција – таа секогаш е дел од креативноста на авторот.

**2.Активности за учење и поучување:**

- **Ликовна разработка:**

Започнувам разговор со учениците за тоа дека секој предмет, објект и има своја поставеност во одреден простор. Распоредувањето на ликовните елементи во дводимензионален или тридимензионален простор се вика - компонирање. Постојат повеќе видови на композиции во ликовната уметност.
Основна поделба е на мрежеста и слободна композиција
(мрежеста ако деловите на композицијата имаат свој логичен распоред, кој може секогаш да се повтори) или слободна (ако распоредот на елементите е независна креативна одлука на авторот).
Во однос на просторот, композицијата може да биде отворена
(ако елементите се шират на сите страни), полуотворена (ако се распоредени во вид на фриз) и затворена (ако елементите се поставени во затворена геометриска или слободна форма).

- **Упатства за реализација на ликовната техника:**

Се објаснува поимот кадар, како формат во кој треба да се претставаат формите. Се објаснува дека е потребно да се изостри, сликата па потоа да се притисне за фотографирање.

- **Мотивација:**

Да се реализира полуотворена слободна композиција со мотив пејзаж во техника фотографирање со мобилен телефон.

**3.Евалуациони активности на наставникот:**

- **Техники на следење и вреднување**

Учениците започнуваат со реализација на наставната задача. Во текот на практичната работа, јас ја следам работата на учениците, ги набљудувам дали е правилно одбран мотивот, дали е добро одбрана позицијата за фотографирање, дали е фотографирано во движење, дали е распоредот на елементите во композицијата соодветен на поставената задача.

- **Активности на вреднување и следење**

Откако сите ќе завршат со фотографирањето, ги разгледуваме направените фотографии во однос на видот на композицијата, техничката реализација, острината.

**АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИКОТ:**

**1.Воведни активности:** Учениците позитивно реагираат на поставената тема, покажуваат голема заинтересираност, сконцентрирани се на зададената задача и се обидуваат да го решат поставениот проблем. Одговараат на прашања за тоа во каква боја се предметите што нè опкружуваат.
**2. Активности за учење:**Учениците го усвојуваат поимот на композиција, видови на комозиција.
**3.Евалуациони активности на ученикот: У**меат да проценат дали на фотографијата е претставен одреден тип на композиција и со каков квалитет.






# АСПЕКТИ НА ПРОЦЕНУВАЊЕ, ВРЕДНУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА ЛИКОВНИ ТВОРБИ НА УЧЕНИЦИТЕ

Евалуацијата на ликовните творби на учениците е еден од важните начини на учење. Сознанијата за процената на наставникот му овозможува на ученикот да ги согледа добрите страни, како и грешките во својата ликовна творба.

Објективноста е основен принцип при проценување на ликовните дела на учениците. За да ја реализира, наставникот треба да има знаења од ликовна теорија (ликовен јазик), ликовните техники (практична реализација) и методички компетенции (адекватно реализирање на наставен процес за ученици од различни возрасти).

Проценување на ликовните творби треба да се одвива според следните критериуми:

1. дали е реализирана наставната содржина
2. дали и во која мера е реализирана ликовната техника
3. дали е имплементиран соодветен мотив
4. дали има имагинативни елементи во ликовната творба
5. колку е креативна реализацијата на наставната содржина.

Развојот е потполно индивидуална категорија и за секој ученик има свој специфичен ритам според кој се развиваат одредени сегменти од личноста на ученикот. Ликовните дела како проекција на моменталната состојба, се вистинска презентација за когнитивните, емоционалните и моторичките способности на секој ученик. Наставникот по ликовно образование има ексклузивна можност без ниту еден збор, само со анализа на ликовните творби да ја запознае личноста на секој ученик. Поради тоа е потребно водење на портфолио во кое ќе се складираат и чуваат цртежите, сликите, графиките, скулптурите,

фотографиите, видеата од активности. На тој начин секогаш ќе може да се процени индивидуалниот развој на секој ученик.

Современата едукација посебно внимание посветува на процесот на стекнување знаења, вештини, на развој на креативното и имагинативно мислење.

Следење на ликовниот развој на секој ученик претставува одлична можност за:

- индивидуален пристап кон секој ученик,
- согледување на моменталната состојба,
- на индивидуалните промени гледани како целина,
- на посебните способности и вештини на секој ученик,
- на нивот на неговите технички спсобности,
- на неговиот когнитивен развој,
- на неговите креативни и имагинативни способности.

Ваквите каркатеристики на наставникот му овозможуваат избор на најсоодветни стратегии и методи за учење кои го стимулираат натамошниот индивидуален развој. Креативноста е една од основните карактеристики на секоја уметност. Ликовната уметност е неисцрпен извор на информации и мотиви за создавање на нови ликовни дела.

Ликовното образование како една од своите најважни цели има да го стимулира критичкото и креативносто мислење на учениците во тек на воспитно-образовниот процес. Нивните способности за проценување и вреднување на сопствените ликовни творби, ликовните творби на другите зависат од нивните способности за препознавање на ликовнот проблем, ликовната техника, како и начините на нивна реализација. Тоа е основа врз која секој наставник ги реализира методите на евалуација на постигнувањата на секој ученик.

Во ликовното образование често процесот на стекнување на знаења, вештини и способности е важен исто како и крајниот резултат, односно ликоцната творба.

# ЛИКОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И КРЕАТИВНОСТА

**Поттикнување на креативоста на учениците и развивање на креативното мислење е една од најважните цели на ликовното образование.**

Креативноста е термин кој обично се користи во создавање на нови идеи, пристапи кон одредена активност, додека иновација е процес на создавање или примена на веќе постоечките идеи во одреден контекст.

## Креативност – видови, фактори, процес

Креативност е еден од начините на кој пристапуваме во решавање на некој проблем.

Гилфорд (Guilford, 1950) и Торенс ((Torrance, 1974)_ дошле до важни заклучоци на полето на креативноста, **дефинирајќи ја креативноста не како знаење, туку како способност на мислењето.**

Сметаат дека мислењето може да биде:

- **Конвергентно мислење** – логичко заклучување, наоѓање на едно точно решние.
- **Дивергентно мислење** – наоѓање на што поголем број на точни решенија.

Фактори на дивергентното ( креативно) мислење се:

- **Флексибилност -** способност за создавање на што е можно повеќе решнија на некој проблем, лесно напуштање на старите шаблони и начини на решавање.
- **Флуентност** – спосбност да се обработат информациите на различни начини и согледување на различни можности.
- **Оригиналност** – спосбност да се создадат ретки или потполно нови идеи, кои често се разликуваат од останатите луѓе.
- **Елеборативност** – способност на украсување на идеите со детали.

- **Осетливост за проблеми –** способност за се воочат недостатоците или потребите за промена и подобрување.
- **Редефиниција –** способност за напуштање на старите начини на толкување на познати предмети или идеи во нови цели.

За создавање на ново дело потребен е фонд на знаење и искуство, како и способност за согледување на реалноста во ново средство.

Ирвинг Тејлор ( Taylor, 1969 ) го дефинира процесот на креативно мислење во следните видови:

1. Креативност на **спонтана активност** – самостојно изразување, спонтан израз
2. Креативност на **насочена активност** – спонтано изразување со свесно настојување за подобрување и постигнување на сличност со реалниот објект.
3. Креативност на **инвенција** – запазување и изразување на нови ликовни односи.
4. Креативност на **иновација** – донесување на значајни промени во ликовниот израз со внесување на сложени ликовно-технички можности.
5. Креативност на **создавање** – создавање на потполно нови, дотогаш непознати форми, системи, поими, стилови.

Детската креативност е дефинирана со степените 1, 2, 3 и 4.

## Фази во реализација на креативниот процес

Валас и Смит (Wallas & Smith), во своето дело „Уметност на мислите“ (*Art of Thought*, 1926) истакнуваат дека креативноста е наследена од еволуцискиот процес кој им овозможува на луѓето да се прилагодат на промените на околината и така да опстанат, ги дефинираат фазите на креативниот процес, за кој сметаат дека се состои од следните последователни фази:

1. **Подготовка** – подготвителна работа на проблемот со која мислите се насочуваат на проблемот.
2. **Инкубација** – проблемот е влезен во потсвеста на поединецот, иако нема видлива реакција
3. **Навестување** – личноста добива „претчувство“ дека решението наскоро ке дојде.
4. **Просветлување** – креативната идеја се ослободува од потсвеста во свеста.
5. **Потврда** – идејата е свесно потврдена и промислена, а потоа и применета.

За секој наставник по ликовно образование е особено важно да ги препознае индивидуалните карактеристики на секој ученик. Точното одредување на надарените и талентирани ученици е услов за нивно натамошно успешно поттикнување и развивање на нивните посебни кавалитети.

## Одредување на поим за надареност и талент

Индивидуите кои имаат една или повеќе способности значајно натпросечно развиени, обично ги нарекуваме надарени за таа способност.

Надарененото дете е родено со невообичаена способност за совладување на одредено подрачје, или подрачја (Winner, 2005).

Винер изразот **надареност** го користи за опишување на деца кои ги имаат следните карактеристики:

1. Предвремено развивање на способности (побрзо напредување од другите деца).
2. Инсистирање да работат по свое (поинакви пристапи кон учењето, самостојмост, самодоверба).
3. Желба за совладување ( висока мотивираност, опсесивен интерес).

Кај надарените деца воочлива е интризична (самостојна) мотивираност, која се реализира заради себе, поради сопствениот интерес и задоволство (надарените не треба да ги тераме да вежбаат, тоа за нив е разонода, забава и затоа приоѓаат со голем интерес).

Препознавање и откривање на надарените деца

Во однос на наводите на Иван Корен, во процесот на препознавање на надарените деца учествува наставникот, но и посебни стручни лица (психолози, педагози, социолози...). Да се открие надарено дете значи да се препознае меѓу останатите, а да се идентификува значи да се одбере збирот на особини кои ги поседува како посебни и степенот на нивната развиеност.

**Талентиран** е збор кој потекнува од грчкиот - talanton, односно латинскиот - - talentum, а значи мера, мерица, но и златни пари, златници. За личноста со талент се сметала личност со мера, со чувство за мера, а со тоа и духовно богатство. Мерата е посебно важна во уметностите, а може да се научи со канон за пропроции со кои се постигнува симетрија, единство и хармонија.

Талентиран е збор кој означува подрачно специфична надареност. Подрачјата на талент може да бидат академски, уметнички, спортски, технички, технолошки, комуникациски. Отвореноста кон нови искуства значи љубопитност, но и толеранција на неизвесност. Тамо каде што сите чекори што

следат не се познати, потребни се и соодветни психолошки особини за да ги поднесат тие предизвици со интерес.

Гениј е екстремна верзија на надарено дете кое кое создава на ниво на возрасна личност иако е сè уште дете. Тие самостојно ги откриваат правилата на своето подрачје и смислуваат необични стратегии за решавање на проблемите. Кога ќе пораснат, често стануваат високо стручни во својата област, остваруваат високи резултати во областа, но не ја менуваат. Стручноста не е креативност. Креативниот пат бара и бунтовна природа, која може да биде и тивка, но со способности за преземање на ризик и мотивација за протресување на воспоставените традиционални правила.

## Услови за развој на креативноста
## во ликовното разбирање и ликовното изразување

Креативноста во секоја област подразбира стекнување на одредени карактеристики на мислењето, како флексибилност, флуентност, оригиналност, елеборативност, осетливост на проблеми, редефиниција. Овие карактеристики се основа за согледување на поставените задачи и изнаоѓање на најсоодветносто решение.

Личните каркатеристики на секој ученик, особено доаѓаат до израз во процесот на активна перцепција, кој е првиот чекор во секаква активност во визуелната сфера. Способноста да се гледа визуелната реалност со разбирање, со детекција на деталите, со согледување на целината е посебно важна во ликовото изразување. Поттикната во оваа област, како карактеристика која станува дел од начинот на разбирање на стварноста, е особено важно таа да се трансферира и во други области во животот.

Ликовното образование е наменето за сите деца, без основна намера сите да станат ликовни уметници, туку како процес на учење и работа, да влијае на развојот на личните каркатеристики на секој ученик.

Ликовно надарените ученици се истакнуваат со лесно разбирање на ликовните задачи и брзина во давања на можни решенија, Често имаат повеќе различни идеи за решавање на еден ликовнен проблем. Активната визуелна перцепција и визуелна меморија се резултат на разбирање на светот на бои, форми, линии, текстури и нивните меѓусебни односи.

Нивната посебна способност за брзо разбирање на ликовните проблеми и изнаоѓање на нови решенија е потребно да се поттикнува со развивање на дополнително знаење и согледување на различните можности на креативниот израз преку посета на музеи, соработка со уметници во креативни ликовни работилници, учество на различни детски ликовни колонии, учество на изложби и сл.

Желбата за цртање, сликање и обликување е присутна во голем обем па овие ученици често цртаат, сликаат и обликуваат во слободно време, поради своите лични потреби и за свое задоволство. Времето поминато со бои, глина, текстил во естетско обликување на различни форми за нив претставува вистинско исполнување и не претставува напор. Дури и кога се соочуваат со тешкотии во реализацијата, идеите и желбата за создавање се толку силни, што способни се со часови да работат на еден цртеж или слика, или пак упорно да трагаат за нови решенија, сè додека не се лично задоволни од постигнатиот ефект. Тие се често со силно изразени индивидуални ставови, способности за комбинирање на визуелните информации на нов и неочекуван начин.

Ликовно талентираните ученици се препознаваат, не само по резултатите од ликовните активности кои по квалитет отскокнуваат од останатите, туку и по високиот степен на посветеност и упорност во реализирањето на ликовните активности. Постојат повеќе различни домени на ликовното изразување во кои учениците може да се истакнат со своите способности (Clark, 1993; Porath, 1997; Winner, 2000):

- Технички вештини
- Визуелно разбирање
- Креативни решенија

| Домен | Карактеристики | Поттикнување |
|---|---|---|
| **Технички способности** (способност на ученикот да употребува различни материјали и ликовни техники за да ја реализира ликовната творба) | Во ликовните дела се согледуваат:<br>- напредни цртачки вештини (експресивни карактеристики на линија, слободн употреба на боја, перспектива, кратење, детали, давање на комплексно значење на ликовните творби | Да им се овозможи запознавање со нови ликовни материјали и техники, да се запознаат и анлизираат ликовни дела, да се продлабочи познавањето на ликовниот јазик, да им се даде доволно време за реализација |

Табела 1. Поттикнување на техничките способности на учениците

| Домен | Карактеристики | Поттикнување |
|---|---|---|
